**СОУ *Ѓорче Петров* -**
**Крива Паланка**

# Извештај од самоевалвација на работата на училиштето во период 2021-2023 година



Врз основа на член 29-а став 4 од Законот за средно образование (*Службен весник на Република Македонија* бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) и член 28 од Статутот на училиштето СОУ *Ѓорче Петров* - Крива Паланка, на ден _________година, изготви:

# С А М О Е В А Л В А Ц И Ј А

**за работата на Средното општинско училиште**

***Ѓорче Петров* – Крива Паланка**

**за период 2021-2023 година**

Претседател на Училиштен одбор, Директор,

Гордан Стојановски Елена Ѓорѓиевска

**Содржина**

1. Лична карта на училиштето........................................................................4
2. Вовед во самоевалвацијата на училиштето..................................................6
2.1. Самоевалвација........................................................................................6
2.2. Цели на самоевалвацијата…...................................................................7
2.3. Процес на самоевалвација…...................................................................8
2.4. Формирање тим за самоевалвација.........................................................9
3. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалвацијата…..............................................................................................10
3.1 Користени извори при самоевалвација....................................................10
3.2 Техники и инструменти кои се користени во самоевалвацијата (табела).....13
3.3.Подрачја на вреднувања…........................................................................14
3.3.1. Наставни планови и програми…...........................................................14
3.3.2.Постигања на учениците….....................................................................33
3.3.3. Учење и настава…..................................................................................46
3.3.4. Поддршка на учениците…....................................................................63
3.3.5. Училишна клима и односи во училиштето…........................................77
3.3.6. Ресурси....................................................................................................93
3.3.7. Управување, раководење и креирање политика…......…..........................105

## 1. Лична карта на училиштето

Нашето училиште, СОУ *Ѓорче Петров* – Крива Паланка, се наоѓа на југоисток од центарот на градот, во правец на с.Дурачка Река. Училиштето е изградено на десната страна по течението на Дурачка Река. Адреста на училиштето е улица *8ми Октомври* бр.91. Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат Домот за ученици *Боро Менков* и приватни станбени објекти. Училиштето е основано со акт на Народен одбор на Општина Крива Паланка 02 - 5754/1 од 1.9.1960 година, под името Гимназија *Моша Пијаде* со Решениена ОСС – Скопје, со рег. број 768/1987 од 9.6.1987 година. Од Гимназија станува Училиште за средно образование, со решение од Окружен стопански суд – Скопје, со рег.13224/1993 од 13.9.1993 година, за преименување во Училиште за средно образование *Ѓорче Петров* – Крива Паланка. Со Решение на Основен суд Скопје I, Скопје со рег. бр.71/06 од 10.4.2006 год. името на училиштето е променето во Средно општинско училиште *Ѓорче Петров* – Крива Паланка. Училишниот објект е од тврда градба. Училиштето има котларница за сопствено затоплување на нафта. Училиштето во 1960 год. започна со 97 ученици, но бројот постојано растеше, па така во 1997 година достигна 1219 ученици. Во последните неколку години се бележи тенденција на намалување на бројот на запишани ученици поради демографските процеси во општината. Во својата 64 годишна работа училиштето има воведувано нови струки и профили според потребите на пазарот на трудот и според потребите на учениците. Во учебната 1960/61 година, училиштето започнува со работа како гимназија, од 1972/73 година се воведува текстилната струка, 1973/74 година машинска струка, 1983/84 градежна струка, 2006/07 година се воведува сообраќајната сструка, 2010/11 година се воведува електротехничката струка и угостителско-туристичка струка, 2021/22 медицинската струка и 2022/23 година се воведува градежната струка. Во моментот во нашето училиште постоечки струки и профили се:

- Гимназиско образование: општествено хуманистичко, природно-математичко и јазично-уметничко подрачје,
- Стручно образование - машинска струка (машински техничар и автомеханичар), електротехничка стука (КТА), угостителско-туристичка струка, медицинска струка (медицинска сестра) и градежна струка (градежен техничар).

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно општинско училиште *Ѓорче Петров* |
| **Адреса, општина, место** | ул.*8 Октомври* бр.91 Крива Паланка 1330 |
| **Телефон** | +38931/375 025 |
| **Фах** | +38931/ 377 120 |
| **е-маил** | sougorcepetrov@yahoo.com |
| **веб-страница** | www.gjorchepetrov.edu.mk www.gp.edu.mk |
| **Основано** | Со акт на Народен одбор на Општина Крива Паланка |
| **Верификација- број на актот** | 02-5754/1 |
| **Година на верификација** | 1.9.1960 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1964 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | 1052$m^2$ (I зграда), 480$m^2$ (II зграда), 17 помошни простории |
| **Површина на училшниот двор** | 5648$m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 480$m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Начин на загревање** | Течно гориво (нафта) |
| **Број на кабинети** | 22 |
| **Број на паралелки** | 36 |
| **Број на катови** | Приземје и два ката |
| **Број на згради** | 2 |
| **Број на спортски терени** | 2 (спортска сала и игралиште) |
| **Бруто површина** | 3714$m^2$ |
| **Нето површина** | 1302$m^2$ |
| **Број на помошни простории** | 4 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Име на училиштето** | Средно општинско училиште *Ѓорче Петров* |
| **Адреса, општина, место** | ул.*8 Октомври* бр.91 Крива Паланка 1330 |
| **Телефон** | +38931/375 025 |
| **Фах** | +38931/ 377 120 |
| **е-маил** | sougorcepetrov@yahoo.com |
| **веб-страница** | www.gjorchepetrov.edu.mk www.gp.edu.mk |
| **Основано** | Со акт на Народен одбор на Општина Крива Паланка |
| **Верификација- број на актот** | 02-5754/1 |
| **Година на верификација** | 1.9.1960 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1964 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | 1052$m^2$ (I зграда), 480$m^2$ (II зграда), 17 помошни простории |
| **Површина на училшниот двор** | 5648$m^2$ |

| | |
|---|---|
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 480m$^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Начин на загревање** | Течно гориво (нафта) |
| **Број на кабинети** | 22 |
| **Број на паралелки** | 36 |
| **Број на катови** | Приземје и два ката |
| **Број на згради** | 2 |
| **Број на спортски терени** | 2 (спортска сала и игралиште) |
| **Бруто површина** | 3714m$^2$ |
| **Нето површина** | 1302m$^2$ |
| **Број на помошни простории** | 4 |
| **Училишна библиотека** | 1 |

# Вовед

Самоевалвацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на она што е реализирано во воспитно-образовниот процес во периодот од 2021-23 година. Документот за самоеалвација на работата на училиштето има исклучително развојна функција и не треба да се разбере како критика, туку како процес на самоанализа направена преку објективно утврдување на податоци, собрани од различни извори и донесени на основа на однапред договорени показатели –индикатори за работата на училиштето. Самоевалвацијата (самовреднувањето) на работата на училиштето, заедно со екстерната евалуација, се смета за најважен механизам за унапредување на квалитетот на работата во училиштето. Целта на Самоевалвацијата е со јасни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот на работењето, напредокот и постигањата на училиштето, силните, но и слаби страни на училиштето. Вооченитe слабости ќе ги мотивираат сите учесници во воспитно-образовниот процес да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите за работа во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на наставниот процес и ќе се издвојат приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности.

**Цели на самоевалвацијата се:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата
- Ефективно и ефикасно раководење со училиштето
- Вклучување во развојниот процес и воспитно-образовниот систем на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локална и деловна заедница
- Превземање на мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати

- Детектирање и објективно утврдување на силните и слабите страни и проблеми со кои се соочува училиштето и нивно надминување
- Да се подигне нивото на одговорност на сите вклучени субјекти во процесот на воспитание и образование во училиштето со цел подобрување на квалитетот на работата
- Сопствениот напредок и напредокот на училиштето да се заснова на објективно утврдената состојба
- Унапредување на професионалниот развој на сите вработени во училиштето

За изготвување на Самоевалвацијата, училиштето формирше училишна комисија која работеше според насоките од Правилникот за начинот на вршење самоевалуација на средните училишта (Службен весник на Република Македонија.Бр. 11-7404/3 од 15 .01. 2014 год.) на МОН и ДПИ.

За поголема ефикасност во работењето при процесот на самоевалвација училиштето одреди тимови за работа по подрачја, кои остваруваа средби и разговори со сите субјекти во училиштето и ја собраа целата потребната документација од која беа искористени повеќе податоци. Во изготвувањето на самоевалвацијата учествуваа сите стручни активи, организирани во тимови, координирани од стручната служба на училиштето.

Како најрелевантен податок за работата на училиштето беа мислењата и ставовите на сите субјекти во воспитнио - образовникот процес ученици, родители, наставници и стручните соработници добиени од спроведените анкети. Добиените податоци од анкетите беа обработени и анализирани и врз нивна основа се донесоа многу заклучоци. Квалитетот на анализираните теми и области во анкетните листови се евалуирани на четири нивоа (потполно се согласувам, се согласувам,не се согласувам и потполно не се согласувам), според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

- Формирање тим за самоевалвација
- Користени извори при самоевалвацијата
- Техники, инструменти и индикатори
- Подрачја на вреднувања
- Извештај од самоевалвацијата
- Изработка на училишен развоен план

## Формирање тимови за самоевалвација

| Самоевалвација 2021-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Актив: | | Подрачје | Координатори на подрачје: |
| 1. | Македнски јазик и литература | Наставни планови и програми | Елена Јакимовска<br>Даниела Стојмировска |
| 2. | Математика и информатика | Постигања на учениците | Габриела Стаменковска<br>Елена Младеновски |
| 3. | Странски јазици | Учење и настава | Влатко Цветковски<br>Мимоза Ивановска |
| 4. | Оптштествени науки | Поддршка на учениците | Ленче Велиновска<br>Маријана Милковска |
| 5. | Природни науки | Училишна клима и односи во училиштето | Валентина Цветановска<br>Слаѓана В. Петковска |
| 6. | Стручни предмети | Ресурси | Драгана Величковска<br>Татјана Анѓеловска |
| 7. | Спорт и уметност | Управување,раководење и креирање на политика | Жаклина Јовановска<br>Мартин Стаменковски |

## Техники и инструменти кои се користени во самоевалвацијата

| Техники кои ќе се користат: | Инструменти кои ќе се користат: |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | ПРОТОКОЛИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ И ПРАШАЛНИЦИ |
| ИНТЕРВЈУ | РАЗГОВОРИ (ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ) |
| СКАЛИРАЊЕ | СКАЛИ НА ПРОЦЕНКА, ГРАФИЧКИ (ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, ДНЕВНИК ЗА РАБОТА, ИЗВЕШТАИ, ЗАПИСНИЦИ И СЛ. | ЧЕК ЛИСТИ |

## Користени извори на информации за изработка на самоевалвацијата

| | |
|---|---|
| **1. Записници од:** | ✓ Училиштен одбор<br>✓ Државни инспектори<br>✓ Наставнички совет<br>✓ Совет на паралелка<br>✓ Совет на родители<br>✓ Стручна служба |
| **2. Анкетни прашалници од:** | ✓ родители<br>✓ ученици<br>✓ наставници |
| **3. Педагошка документација:** | ✓ Е дневник<br>✓ главни книги |
| **4.Извештаи:** | ✓ од работата на училиштето во изминатите 2 години<br>✓ од Стручна служба за успехот, редовноста и поведението на учениците<br>✓ од раководителите на паралелка<br>✓ од претседателите на стручните активи<br>✓ од стручни активи<br>✓ Програма за работа на училиштето во изминатите 2 години<br>✓ Развоен план на училиштето<br>✓ Наставни планови и програми по предмети<br>✓ Планирања и подготовка на наставниците<br>✓ Завршни сметки/финансии |
| **5.Евиденција за:** | ✓ редовност на учениците<br>✓ успех и поведение на учениците<br>✓ посета на културни и други институци<br>✓ воннаставни активности<br>✓ предавања, обуки, семинари, дебати и сл.<br>✓ одбележување на значајни датуми<br>✓ кодекс на однесување на учениците<br>✓ изрекување на педагошки мерки<br>✓ постигнувања на учениците |
| **6. Други пишани документи од архивата на училиштето** | |

**Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти кои се користени во самоевалвацијата**

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| **1. Наставни планови и програми** | • Реализација на наставните планови и програми<br>• Квалитет на наставните планови и програми<br>• Воннаставни активности |
| **2. Постигања на учениците** | • Постигања на учениците<br>• Задржување/осипување на учениците<br>• Повторување на учениците |
| **3. Учење и настава** | • Планирање на наставниците<br>• Наставен процес<br>• Искуства на учениците од учењето<br>• Задоволување на потребите на учениците од наставата<br>• Оценувањето како дел од наставата<br>• Известување за напредокот на учениците |
| **4. Поддршка на учениците** | • Севкупна грижа за учениците<br>• Здравје<br>• Советодавна помош<br>• Следење на напредокот |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето** | • Училишна клима и односи во училиштето<br>• Промовирање на постигањата<br>• Еднаквост и правичност<br>• Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |
| **6. Ресурси** | • Сместување и просторни капацитети<br>• Наставни средства и материјали<br>• Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>• Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>• Финансиско работење на училиштето |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** | • Управување и раководење со училиштето<br>• Цели и креирање на училишната политика<br>• Развојно планирање |

| Подрачје 1. Наставни планови и програми | |
|---|---|
| **Извори на набљудување** | **АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ ЗА ПОДРАЧЈЕ 1** |
| ✓ **Наставни планови и програми од БРО**<br>✓ **Извештаи од стручна служба**<br>✓ **Годишни и тематски планирања на наставниците**<br>✓ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>✓ **Програма за додатна и дополнитена настава**<br>✓ **Дневник за работа**<br>✓ **Извештаи од родителски средби**<br>✓ **Извештаи од Совет на родители**<br>✓ **Дневници на паралелки**<br>✓ **Годишна програма на училиштето**<br>✓ **Е-дневник**<br>✓ **Анкети и прашалници** | **1. Наставни планови и програми**<br><br>Наставните планови за гимназиско образование и стручното образование, во училиштето се изготвени и донесени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование и се програмски документи според кои работат наставниците во текот на учебната година. Наставниците ги усогласуваат овие програмски документи со своите долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања, адаптирајќи ги со условите за работа во училиштето, потребите на учениците и потребата од достигнувањето на целите опфатени со програмските документи. Училиштето посветува големо внимание на уредно планирање и реализација на наставата, со цел да обезбеди квалитетна настава за своите ученици и во тој поглед има веќе успешно воспоставен начин, кој овозможува планирање на систематизирана и уредна реализација на наставните планови, како и континуиран мониторинг во таа насока. Во училиштето е унифициран начинот на изработка на тематските и дневните подготовки за час на наставникот, во соработка со просветните советници и инспектори, но се остава простор и за нивно индивидуално изработување, во зависност од содржините што се обработуваат, со цел достигнување на поставените цели и поквалитетна наставата. Имено, на почетокот на учебната година, наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања за содржините наменети во редовната настава. Во планирањата се интегрирани ИКТ, МИО и еколошки содржини. Оперативните планови за реализација на наставните содржини наставниците исто така тековно ги доставуваат и овие планирања, заедно со глобалните планирања за додатна и дополнителна настава, годишните планирања за проекните активности се во согласност со насоките дадени од стручната |

| | |
|---|---|
| **изготвени од стручната служба на училиштето**<br>✓ **Дневник за проектна активност**<br>✓ **Еко-програма**<br>✓ **Програма за инклузивно образование**<br>✓ **Програма за МИО активности** | служба, во однос на операционализација на наставните планови и програми.<br>Во Годишната програма за работа на нашето училиште, покрај редовните наставни предмети, во согласност со насоките од БРО и МОН, на учениците им се дава можност за избор на предмети, проектни активности и слободни часови. Учениците изборот го вршат индивидуално или во консултација со нивните родители, а во училиштето доставуваат анкетирани прашалници како доказ за изборот на предметот.<br>**Додатната и дополнителната настава** е планирана во годишните програми и планови и се усогласува со потребите на учениците како и просторно-временските капацитети при реализација на наставата во училиштето. Потребно е да се напомене дека и покрај работењето на училиштето во две смени, како и комплексноста на наставниот процес, како што се: голем број предмети, проектни активности, воннаставни активности, проекти, работилници и сл. наставниците успешно ја реализираат додатната и дополнителната настава.<br>Анкетата за ученици покажува дека кога станува збор за доплонителната настава најголем дел од учениците се согласуваат дека истата се реализира квалитетно и им се дава помош на учениците што имаат потешкотии во учењето.<br><br>*мислење од ученици<br>**Проектните активности** се реализираат во гимназиското образование и сите ученици во нашето училиште избираат |

задолжителни проектни активности по две наставни подрачја. На крајот на учебната година, секој ученик го презентира својот изработен проект. Основна функција на проектните активности е учениците да се подготват за самостојна и индивидуална творечка работа, да истражуваат, како и да изработуваат проектни задачи по соодветниот предмет. Училиштето обезбедува услови за работа, а наставникот изготвува програма за работа и има улога на ментор кој ги води учениците во процесот на изготвување на нивните проекти.

Дека проектните активности во нашето училиште добро се реализираат од страна на наставниот кадар, говори спроведената анкета меѓу учениците:




*мислење од ученици

**Еко-содржините** се интегрираат во наставата по сите наставни предмети, а за обемот и опфатноста на наставните часови со еколошка содржина подетално може да се согледа во извештаите за работа на стручните активи. Од 2011 год. во нашето училиште се реализира ЕКО-проектот во наставата, а програмата и Планот на активности е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има формирано еко-одбор, оранизира еколошки акции, а има изготвено и еко-кодекс. Во еколошката програма опфатени се четири Еко-стандарди: уреден еколошки двор, уредување на училишната зграда и здрава средина на училиштето, заштита на електрична енергија и заштита на вода. При реализација на овие

активности, училиштето се координира со локалната заедница, учествувајќи при тоа на разни еколошки акции кои секоја година организираат под различно мото.

**Меѓуетничка интеграција во образованието** е проект на УСАИД во Македонија што го спроведува **Македонскиот центар за граѓанско образование.** Нашето училиште во овој проект е вклучено од август 2012 година и реализира активности, дружења, натпревари, самостојно и со партнер училиштата. Согледувајќи ја значајноста на овој проект, нашето училиште пристапи со сериозен однос кон негово спроведување и активно се вложи во организирање на низа активности кои беа спроведувани во училиштето, самостојно, како и со училиштата во кои учат ученици од различни етнички заедници. За таа цел нашето училиште потпиша Меморандум за соработка со РЦСОО *Моша Пијаде* – Тетово и ОСТУ *Наце Буѓони* – Куманово.

**ИКТ часовите** се исто така застапени во реализацијата на наставните планови со законски потребниот број часови. За подршка на ИКТ наставата училиштето оствари набавка на персонални компјутери за секој наставник и обезбедено е зајакнување на инфраструктурата за пристап до интернет.




*мислење од наставниците

| | |
|---|---|
| | <br>*мислење од учениците<br><br>**Инклузивно образование** се спроведува во нашето училиште и се изработуваат индивидуални образовни програми за ученици со посебни потреби според Програмата за инклузија за учениците со посебни потреби. Училиштето и стручната служба, посветуваат големо внимание на идентификација на учениците со посебни потреби и водат евиденција за нив. Се формираат инклузивни тимови составени од психолог, класен раководител, родител на ученик/ка со посебни потреби, наставници кои предаваат во паралелката каде што учи ученик со посебни потреби. Инклузивните тимови во ваков состав ги приспособуваат наставните планови и програми од постојните предмети според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Стручната служба располага со Програма за ученици со посебни потреби, води прецизна евиденција на овие ученици и врши прилагодувања на наставните содржини, соодветно на нивните потреби. Стручната служба реализира информативни и советодавни разговори со родители на ученици со посебни образовни потреби, како и други професионални лица со цел да се обезбеди адекватна поддршка на учениците. Во училиштето се реализирани повеќе обуки на наставниците и класните раководители за едукацијата на учениците со посебни образовни потреби, преку нивна идентификација во паралелките. Инклузивните тимови редовно организираат работни средби и во соработка со родителите пружаат помош во совладувањето на содржините од наставата, во следењето на постигнувањата и |

| | |
|---|---|
| | оценувањето на овие ученици.<br>Во училиштето има пишан документ за спроведување на училишна политика за безбедни училишта. Поради тоа во училиштето е формиран тим кој е составен од ученици и наставници кои имаат за цел да го спроведат ***проектот Безбедни училишта***. За успешноста од реализирањето на овој проект говори и фактот што нашето училиште се закити со признание за најбезбедно и најчисто училиште во Р. Северна Македонија од страна на МОН за учебната 2018/2019 год.<br>За оние ученици кои имаат повеќе од три слаби оценки и повеќе од десет неоправдани изостаноци, се реализираат советувања на родители и ученици според **Програмата за советување на родители на ученици во средното образование** на МОН од страна на стручна служба, а со цел подобрување на резултатите и редовноста на учениците.<br><br>Програмата **Условен паричен надоместок - образовен додаток** ги покрива учениците од социјалните семејства кои се редовни во наставата, обезбедувајќи им парични средства.<br>Во училиштето се реализираат и други планови и програми како:<br>• Плански документи за заштита и спасување (предавања, обуки, флаери и др);<br>• Програма за животни вештини;<br>• Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди;<br>• Програма за изведување на ученички екскурзии;<br>• Програма за работа на ученичка заедница;<br>• Програма за јавна и културна дејност на училиштето;<br>• Програма за превенција од насилно однесување во училиштето;<br>• Програма за превенција на злоупотреба на психотропни супстанции кај учениците;<br>• Програма за професионална ориентација и кариерно советување на ученици; |

- Програма за помош на ученици кои имаат емоционални потешкотии;
- Програма за грижа за здравјето на учениците.

По одредени предмети постојат содржини кои се застарени, а за тоа говори спроведената анкета меѓу наставниците, во која забелешката на наставниците во однос на наставните планови и програми е дека се потребни нови учебници во кои наставниот материјал ќе биде успгласен со новите научни сознанија и општествени случувања.




*мислење од наставниците




*мислење од наставници

Анкетата на наставниците открива дека мал дел од наставницте се консултирани од БРО, при изработка на наставните планови и програми.

Кај одредени предмети, особено во стручно образование,

| | |
|---|---|
| | недостасуваат учебници за реализација на наставната програма и тоа по предметите: Програмски јазици за трета и четврта година-гимназиско образование, Бизнис и претприемништво за четврта година - гимназиско образование. Во модуларнотото образование во сите струки што се застапени во нашето училиште недотасуваат учебници по сите стручни предмети и во стручното образование трет степен нема учебник по ниту еден предмет. Наставните програми и планови од видот на образование што го избрале учениците одговараат на нивните способности и планови за нивната идна професија, а дека учениците се согласуваат со оваа информација покажуваат и резултатите од спроведената анкета со учениците:   *мислење од учениците<br><br>Она што го имаат учениците како забелешка за наставните планови и програми е дека наставата е обемна, изобилува со преголеми барања и предизвици.   *мислење од учениците |

| | |
|---|---|
| | **Информираност на учениците и родителите за наставните планови и програми**<br><br>Нашето училиште е отворено за соработка како со учениците, така и со нивните родители и навремено ги информира за сите наставни планови и програми што се реализираат во училиштето, новитетите во образовниот систем, како и за активностите, организацијата и правилата во училиштето. Училиштето има воспоставено утврдена процедура за да ги информира членовите на *Советот на родители*, родителите и учениците за наставните програми, содржините и начинот на нивна реализација.<br>На почетокот на секоја учебна година, на првите родителски состаноци и класни часови со учениците, се доставуваат информации за предметите кои ќе се изучуваат во текот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат со постојните релевантни училишни документи како: куќен ред, кодекси на однесување,правилник за регулирање на изостаноци, правилник за изрекување на педагошки мерки и други новини во однос на тековни активности или задолженија во претстојниот период. Учениците се запознаваат и со целите на наставата во текот на самите часови по одделните предмети кои ги изучуваат во училиштето, од страна на предметните наставници. Родителите можат да добијат детални информации за целите на наставните планови за кој било предмет во стручнта служба која има целосен увид во планирањето, за начинот на реализација на наставните планови и мониторинг на истите. Според индикаторот информираност на родителите за наставните планови и програми од анкетата спроведена за родителите може да се забележи дека поголем процент од родителите се согласуваат со исказот дека се запознаени со наставните планови и програми што се реализираат во училиштето, исто така најголем дел од нив се изјасниле дека се добро информирани за училишните активности и дека на родителските средби добиваат корисни информации и истите се добро организирани. |

<table>
<tr><td></td><td>

*мислење од родителите


*мислење од родителите


*мислење од родителите</td></tr>
<tr><td>Извори на набљудување</td><td>Индикатор на квалитет 2. Квалитет на наставните програми и планови</td></tr>
<tr><td>✓ Глобални годишни и тематски планирања на наставникот</td><td>1. 2. 1. Родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>Во нашето училиште нема родова, етичка и социјална дискриминација и подвоеност на учениците. Наставниот кадар подеднакво ги стимулира сите ученици и се грижи за нивниот личен и општествен развој, без разлика на етичката, родовата и социјална припадност, вклучувајќи ги при тоа сите ученици во различни</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ✓ **Записници од состаноци на стручните активи**<br><br>✓ **Записници од родителски средби**<br><br>✓ **Записници од Совет на родители**<br><br>✓ **Записници од состаноци на Училишниот одбор**<br><br>✓ **Соработка со МОН и БРО**<br><br>✓ **Извештаи пд различни институции** | активности.<br><br>**1. 2. 2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во Наставните планови и програми**<br>Овие активности не во согласност со програмите дадени од БРО и истите можат да се приспособат на карактеристиките на локалната средина според потребите на наставните програми на секој предмет.<br>Како дел од активностите во кои се вклучени нашите ученици влегуваат: учество на економски форуми на општината, учество во Советот на превенција и заштита, одбележување на културно-историски настани, празници, светски денови од различни области, посета на локални институции, посета на деловни објекти, учество во еколошки акции и др. Целта на овие активности е доближување на институциите од локалната средина до учениците, поврзување на теоретската со практичната настава, поголема еколошка едукација и др. Кај поголем дел од предметите, наставата и активностите соодветно се интегрирани особеностите на локалната средина, а најзабележливо е интегрирањето на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставата по предметите од општествените науки, странски јазици и одреден дел од природните науки, како и предметите по музичка и ликовна уметност.<br><br>**1. 2. 3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во образованието**<br>Училиштето има целосно разработени насоки кои се реализираат при планирањето на наставните планови и програми за вградување на меѓупредметните цели. Во рамките на реализација на воннаставни активности, проширени програми и проектни активности, работата со училишната заедница, се вложуваат напори во иницијативноста кај учениците, развивање на самодовербата, почитување на различностите, на човековите права, градење на свеста кај учениците за концептот на добар граѓанин, како и јакнење |

| | |
|---|---|
| | на свеста за припадност кон државата како мултикултурно општество. За успешна реализација на Наставните програми, наставниците имаат поддршка од: стручните активи, Наставничкиот совет, стручната служба и др. Интегративен пристап постои кај најголем број предмети прку отворени часови, отворени денови на училиштето, десиминации од обуки...<br>**1. 2. 4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз Наставните програми и планови**<br>Наставниците се директни реализатори и креатори на наставниот процес. Начинот на кој наставниците, родителите и учениците можат да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. Училиштето повремено покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми и иновирање на постојните, особено како поддршка на наставниците кои низ работата со учениците регистрираат одредени недостатоци и потешкотии во нивно реализирање, а потоа се доставуваат до Бирото за развој на образованието или советниците во БРО. Во рамките на редовната настава, со примена на различни методи и техники за реализација на наставните планови и програми од страна на наставниците, училиштето бележи инклузија на учениците во поглед на давање можности за влијание на квалитетот на наставните планови. Имено, учениците често се ангажираат во истражувачки проекти и изготвување на презентации во кои, наспроти фактите до кои доаѓаат учениците, се остава простор и за презентирање на лични/тимски ставови и мислења. Иако се наоѓаат начини како учениците би можеле да влијаат на содржините и наставните планови и програми, можноста за родителите да влијаат од овој аспект е исто така предвидена и се одвива преку советот и одборите на родители кои се состануваат најмалку четири пати годишно, а по потреба и повеќепати. Пред делегираните претставници на родители се разгледува секој извештај за работа на училиштето, како и новите годишни програми за работа на |

училиштето, со што во детали и по предмети родителите имаат можност да се запознаат со содржините на наставните планови и програми. На овој начин е овозможен формално-правен механизам за влијание на родителите врз наставните планови. Во секој случај, искуството покажува дека родителите се активираат на ова поле само во услови кога се наидува на некаков проблем во однос на реализацијата на наставата и ефектите од неа, додека самоиницијативност и иновативност за подобрување на содржините на определени наставни планови и програми кои би произлегле од знаењата, компетенциите и вештините на родителите во определена област е ретка појава. Имало случаи во минатото кога родители се вклучиле во образовни процеси, особено во воннаставни активности, но и ваквите иницијативи се ретки. Се добива впечаток дека постои информираност како помеѓу родителите така и помеѓу наставниците или инволвираните лица од училиштето во работата со Советот на родители и одборите на родители, за можностите, модалитетите и процедурите за вакви интервенции.

Секако, примери за добра пракса и активности на родителите во и вон училиштето би можеле видно да придонесат во унапредување на соработката со родителите со училиштето и истите би ги истакнале и бенефитите од оваа можност – родителите да влијаат врз содржините на наставните планови и програми.

Од спроведените анкети за ученици и родители може да се заклучи дека најголем процент од родителите, се согласуваат дека се изведува квалитетна настава во нашето училиште.




*мислење на ученици

| Извори на набљудување | Индикатор за квалитет 3. Вонаставни активности |
|---|---|
| ✓ Годишна програма за работа на училиштето<br>✓ Програма за културна и јавна дејност на училиштето<br>✓ Плугодишен извештај за работа на училиштето<br>✓ Годишен извештај за работа на училиштето | Воннаставните активности се предвидени со цел да се надополни профилот на личноста на ученикот. Исто така, овие активности се одлична можност учениците да откријат некои интереси и потенцијали за кои можеби и не се свесни дека ги поседуваат, а целта е максимално да ги искористат во текот на животот. Придобивки од воннаставните активности се: учење со цел, мотивираност и желба, без оптовареност од оценување; дружење на учениците и меѓусебна соработка; проширување на знаењата; стекнување на животни и комуникациски вештини, унапредување на безбедноста во училиштето и спречување на училишното насилство; унапредување на здравјето на учениците и животната средина; стимулирање на индивидуалниот кариерен развој на учениците; истражување и промоција на ученичките права, слободи и различности. Воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно - образовниот процес и ги обезбедуваат основните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. За развивање на различните интереси на учениците, училиштето организира воннаставни активности во согласност со Концепцијата за воннаставни активности. Во овие активности учениците и наставниците се вклучуваат доброволно. При планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности во училиштето се води сметка воннаставните активности да бидат ориентирани и приспособени кон индивидуалните потреби на учениците со цел секој ученик да ги развие своите способности, потенцијали и знаење. |
| ✓ Глобални, годишни и тематски планирања на наставници | **1. 3. 1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Училиштето ги планира и реализира воннаставните активности кои се одраз на интересот и потребите на учениците. Часовите за овие активности немаат третман како задолжитени предмети, не се |

- ✓ **Записници од состаноци на стручните активи**
- ✓ **Извештаи од стручни активи**
- ✓ **Извештаи за воннаставни активности**
- ✓ **Извештаи од реализирани натпревари**

поставуваат во редовниот распоред, но се планираат во блок од повеќе часови.

**1. 3. 2. Опфатенист на учениците во воннаставните активности**

Учество на учениците во воннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Генерално, воннаставните и слободните ученички активности се менторирани од страна на одговорни наставници. Наставниците по пат на соопштенија ги информираат сите ученици за можноста од вклучување во тековни/претходно испланирани и одобрени проекти, за потенцијални и претстојни воннаставни активности, со цел тие да препознаат определен интерес кај себе, а наедно ја поттикнуваат и љубопитноста кај учениците, овозможувајќи изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите.

Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност, без разлика на нивниот пол, етичка и верска припадност. Тие се вклучуваат во овие активности, во зависност од нивната мотивираност, способност, интерес и можностите на училиштето.

Резултатите од анкетата за ученици поажуваат дека најголем дел од учениците сметаат дека сите ученици се вклучени во воннатавните активости.




*мислење на ученици

**1. 3. 3. Вклученост на учениците во изборот и планирањата на работата на воннаставните активности**

Учениците имаат главна улога во реализирањето на програмите за работа на воннаставните активности, а активно учество земаат и во изготвувањето на овие програми. Во нашето училиште, Училишната

| | |
|---|---|
| | заедница како орган во училиштето има удел во изборот и креирањето на програмите за вонаставни активности. Информирањето на учениците за претстојните вонаставни активности се одвива по постоечки процедури. Неретко организацијата и имплементацијата на ваквите иницијативи е одговорност на самите ученици, со што уште еднаш се потврдува фактот дека училиштето нуди можности и начини за проактивно учество на учениците во различни сегменти на реализација на наставните планови и програми и истите влијаат на квалитетот на наставата, како и на развојот на учениците во насока на стекнување на дополнителни знаења и меки вештини. Во анкетата за ученици најголелем дел од анкетираните ученици, одговориле дека училиштето ги зема во предвид мислењата и предлозите на учениците.   *мислење на ученици<br>1. **3. 4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонаставнте активности**<br>Учениците го афирмираат нашето училиште преку вонаставните активности на локално, државно и меѓународно ниво. Тие од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град, држава, но и во странство. Поради вложениот труд и ентузијазам, имаат освоено пофалници, дипломи, медаљи. Фактот дека учениците се вклучуваат |

| | |
|---|---|
| | во разни проектни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се Facebook, YouTube, Insagram, Web страната на училиштето и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето и ваквите ученички ангажмани делумно се валоризирани од страна на училиштето – ако се земе предвид фактот дека постои механизам за валоризација на ученички постигнувања кој се применува во постапката за избор на првенци на паралелки, години или на ниво на училиште и овие ангажмани на учениците соодветно се вреднуваат.Нашето училиште во овој период реализира голем број на проекти од Еразмус +, Е - TWINNING,RYCO, кои се поттикнати од раководниот тим, а изработени од наставници.<br><br>**1. 3. 5. Обем и разновидност, сеопфатност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Анализа на состојбата на животната средина**<br>Наставниот кадар се труди да ги оспособи учениците да бидат вклучени во повеќе општествени сегменти за да бидат корисни граѓани и активни индивидуи во општеството. Дел од учениците учествуваат во проекти, активно членуваат во Училишната заедница, *Europe House,* Младинската организција на *Црвен крст* - Крива Паланка, извидничкиот одбор *Наум Наумовски-Борче* и во спортските клубови во градот. |

| **Резултати: Подрачје бр. 1: Наставни планови и програми** |
| --- |
| **Клучни силни страни**<br>✓ Примена на наставни планови и програми, верифицирани од МОН<br>✓ Активно вклучување на наставниците и учениците во наставниот процес<br>✓ Училиштето им ги нуди сите можности на учениците за избор на изборни предмети кои соодветствуваат на личните потреби и интереси на учениците и спецификите на локалната средина. Учениците имаат можност да избираат повеќе од три изборни предмети.<br>✓ Подобрена функционалност на училниците со обезбедување на персонален компјутер за секој наставник, ЛЦД, смарт табла и нивно соодветно конектирање со интернет, кое обезбедува неопходни услови за реализација на ИКТ наставата.<br>✓ Квалитетни воннаставни активности кои соодветствуваат на интересите и потребите на учениците и можност за афирмирање на учениците и поттикнување на самодовербата<br>✓ Интерес на наставниците за нивно доусовршување<br>✓ Во училиштето работат стручни и мотивирани наставници<br>✓ Во училиштето успешно се реализираат разновидни наставни, воннаставни и слободни ученички активности, во соработка со родителите и локалната средина. Индикатор за квалитет е учеството на натпревари, постигнатите резултати, имплементирани проекти и бројни проектни иницијативи<br>✓ Почитување на родовата, етичката и верска рамноправност<br>✓ Соработка со локални и државни институции<br>✓ Соработка со деловни и стопански објекти<br>✓ Афирмација на учениците преку учество на разни натпревари и манифестации<br>✓ Училиштето има изработено модел за валоризацијата на учениците кои се вклучени во афирмација на училиштето со поголем опфат. Вреднувањето на ангажманот на овие ученици во активности кои го афирмираат училиштето е евидентно во постапката за избор на ученици првенц.<br>✓ Училиштето создадава услови за соодветна имплементација на европските проекти кои ги мотивирала наставниците, учениците и родителите.<br>✓ Воспоставена е процедура за информирање на учениците и родителите за целите во наставните планови и наставните содржини, активностите и постигнувањата на учениците |

**Слабости**

- ✓ Преобемност и застареност на наставните содржини
- ✓ Несоодветност на наставните содржини со возраста и психо-физичката подготвеност на учениците
- ✓ Недоволна соработка со БРО
- ✓ Недостаток на програми и учебници кај повеќе предмети во повеќе образовни профили
- ✓ Зачестено и непотребно присуство на странска терминологија во повеќе учебни помагала
- ✓ Недоволна вклученост на наставниците во креирањето на Наставните планови и програми
- ✓ Оштетени учебници поради нивна дотраеност
- ✓ Недостаток на обуки за работа на наставниците со ученици со посебни потреби

**Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ✓ Поголема соработка со МОН, БРО и Центарот за стручно образование
- ✓ Зголемување на фондот на часови кај одредени предмети
- ✓ Предметот Говорење и пишување да биде воведен како задолжителен предмет во прва и втора година-гимназиско образование
- ✓ Покренување на иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието.
- ✓ Училиштето да вложи напори во планирање на активности за прибирање и разгледување на мислења од учениците, наставниците и родителите за наставните планови и програми и учебни помагала во однос на следните теми – постоење на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, поголема интегрираност на особеностите и потребите на локалната средина, како и изменување, дополнување или воведување на нови наставни профили. Заклучоците од добиените податоци да ги резимира како иницијативи за иновирање на постојните и надградување со нови образовни профили до МОН, БРО и Центарот за стручно образование и обука.
- ✓ Училиштето да ги информира родителите за местата на кои можат да дојдат до информации за наставните програми и на родителските состаноци да ги поттикнува да

презема иницијатива преку одборот на родители за корекција и модернизација на наставните планови и програми.Училиштето да предложи активите да ги разгледаат програмите и на годишна основа да ги испраќаат своите предлози за промена. Училиштето да ги испраќа во форма на официјално барање тие предлози за промени до соодветните институции, како што се: БРО, МОН, ДИЦ и сл.

- ✓ Разработување на стратегија за поголема опфатност на сите ученици, како и структурирани напори за учениците со посебни образовни потреби, за вклучување и учество во различните вонаставни активности во училиштето и афирмација на нивниот труд. Може да се размислува за промена на начинот и структурата на постојните техники на информирање и инволвирање на учениците во вонаставните активности. Еден предлог би бил изготвување на брошура/информатор за важноста од вклучување на учениците во вонаставните активности, целите и бенефитите од нив. Пожелно е ваквите предлози да бидат разработени од страна на тим од наставници и педагошко-психолошката служба.
- ✓ Иновативни техники за реализација на вонаставните активности, како на пример, интегрирање на активностите со различни цели, би ја подобриле структурата на активностите. Исто така, би можело да се размислува и за вклучување на родителите и други надворешни компетентни лица при планирањата, реализацијата и евалуацијата на овие активности.
- ✓ Тимот за самоевалуација цени дека ваквите предлог-мерки би можело да придонесат за постигнување на поголема опфатност на учениците и подобро задоволување на образовните потреби на учениците.

## Подрачје 2. Постигнувања на учениците

| Извори на набљудување | АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ ЗА ПОДРАЧЈЕ 2 |
|---|---|

**Извори на набљудување:**

- ✓ **извештаи од совети на паралелка, состаноци со родители, наставнички совети, совет на родителии училишен одбор за секој квалификационен период**
- ✓ **програма за дополнителна и додатна настава на секој предметен наставник**
- ✓ **извештаи од педагошко-**

**Индикатор за квалитет 2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, јазикот на наставата по сите наставни предмети и според квалификациони периоди.**

Преглед на постигањата на успехот на учениците во учебните 2021/2022година и 2022/2023 години

| Вид на образование | Најнизок среден успех | | Највисок среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021/2022 | 2022/2023 | 2021/2022 | 2022/2023 |
| Гимназиско образование | 3.20 (|||-5) | 3.51 (|V-5) | 4.71 (|V-5) | 4.77 (|II-2) |
| Електротехничка струка-електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 2.96 (||-6) | 3.08 (III-6) | 3.84 (|II-6) | 4.36 (|-6) |
| Здравствена струка-медицинска сестра | 4.46 (I-5) | 4.27 (II-5) | 4.46 (I-5) | 4.49 (I-5) |
| Градежна струка-градежен техничар | / | 3.62(I-7) | / | 3.62(I-7) |
| Машинска струка – машински техничар | 2.50 (|I-8) | 2.67 (||-8) | 2.97 (|II-7) | 2.79 (|V-7) |

**психолошката служба од разговорите водени со ученици, родители, раководители на паралелки и предметни наставници**

- ✓ **извештаи од спроведени групни и индивидуални советувања на родители од стручна служба**
- ✓ **електронски дневник**
- ✓ **дневници на паралелки**
- ✓ **статистички извештаи за анализа на успех и редовноста од стручна служба**
- ✓ **анкети и**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Машинска струка - автомеханичар | 2.39 (\|I-9) | 2.73 (\|I-9) | 3.20 (III-9) | 2.90 (\|\|\|-9) |
| Угостителско – туристичка струка -готвач | 2.95 (I-7) | 2.87 (\|-9) | 4.10 (III-9) | 3.31 (III-10) |
| На училишно ниво | **2.39 (\|I-9)** | **2.67 (\|\|-8)** | **4.71 (\|V-5)** | **4.77 (\|II-2)** |

Преглед на постигањата на успехот на учениците на Државна матура во учебните 2021/2022 година и 2022/2023 година

| Учебна година | Пријавиле | Положиле |
|---|---|---|
| 2021/2022 | 94 | 94 |
| 2022/2023 | 106 | 106 |

Табеларен приказ на постигнатиот успех по вид на образование во учебните 2021/2022 и 2022/2023 години

| Успех во % | 2021/2022 | | | 2022/2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Гимна-зиско | стручно | на училишно ниво | Гимна-зиско | стручно | на училишно ниво |
| Одлични | 52,56 | 18,73 | 36,95 | 55,64 | 27,03 | 40,57 |
| Мн.добри | 27,30 | 29,48 | 28,31 | 22,93 | 26,35 | 24,74 |
| Добри | 15,02 | 37,45 | 25,37 | 18,80 | 35,13 | 27,40 |
| Доволни | 0,34 | 9,56 | 4,59 | 2,63 | 10,14 | 6,58 |
| Со една и две слаби | 4.78 | 3.98 | 4.41 | 0 | 0 | 0 |
| Неоценети | 0 | 0,80 | 0,37 | 0 | 0 | 0 |
| Повторувачи | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,35 | 0,71 |

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди по

| | |
|---|---|
| **прашалници од стручна служба**<br><br>✓ **Годишна програма на училиштето**<br>✓ **Извештајот од интегрална евалвација** | години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Критериумите за вреднување на постигањата на учениците се исти за сите ученици без разлика на пол и етничка припадност.<br><br><br>*мислење на наставници<br><br><br>*мислење на ученици<br><br><br>*мислење на ученици<br><br><br>*мислење на родители |




*мислење на родители




*мислење на ученици




*мислење на родители




*мислење на наставници

Спроведените анкети со наставниците, учениците и родителите даваат една поширока слика за состојбата во училиштето и од нив во глобала се добиваат позитивни резултати. На поголем број од прашањата е одговорено со оценка 3 (се согласувам) или оценка 4 (потполно се согласувам).

**2.1.2. Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**

Евидентираните податоци за постигањата на учениците, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, за секој квалификационен период или по потреба. Родителите врз основа на потребите и можностите преземаат активности за подобрување на напредокот на своите деца.

Постојаната и севкупна евиденција за успехот на учениците, ја водат раководителите на паралелки, а на советите на паралелки презентираат сознанија и статистички податоци за успехот на учениците од својата паралелка, истакнуваат проблеми во врска со постигањата на некои ученици доколку постојат или истакнуваат ученици кои побрзо напредуваат и постигнуваат натпросечни резултати.

Во контекст на тоа, во континуитет, се следи напредокот на учениците, а подлабоки анализи се прават на секој квалификационен период, при што се донесуваат предлог мерки на секој наставнички совет за подобрување на постигнувањата на учениците, кои опфаќаат:

- во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат

| | |
|---|---|
| | значително повисоки резултати во одделни области.<br>• соработка со стручната служба за подигање на квалитетот на наставата, зголемување на мотивираноста на учениците за постигнување на повисоки резултати, изноаѓање алтернативни методи за проверка на знаењата на учениците и сл.<br>• известување на родителите за успехот на секој ученик поединечно за секој квалификационен период или по потреба.<br>• договарање на термини за одговарање и поправање на оценките на оние ученици кои имаат сериозни потешкотии со обемноста на материјалот или со тежината на истиот.<br>• спроведување на групни и индивидуални советувања на родители и ученици кои имаат послаб успех.<br><br>**2.1.3. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br><br>Училиштето ги индентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Стручната служба, заедно со раководителите на паралелките, ги идентификуваат учениците со 3 и повеќе слаби оценки, а се со цел навремено организирање и реализирање на групни и индивидуални родителски средби за согледување и надминување на причините за слабите резултати.<br>Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br>Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои пројавуваат тешкотии во учењето. Додатната настава се организира и реализира за учениците кои имаат потреба од проширување и продлабочување на |

знаењата по поедини наставни предмети, дисциплини и области. Во неа се вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и покажуваат надареност и талентираност за одделни наставни предмети и подрачја. Во учебната 2022/2023 активот по природни науки за прв пат организираше квиз на знаење, кој со задоволство беше прифатен од учениците и солидно организиран. Во иднина треба да прерасне во традиција.

Табеларен приказ на резултати постигнати од наши ученици

на регионални, републички и меѓународни натпревари во учебните 2021/2022 и 2022/2023 г.

**Натпревари и освоени награди 2021/2022 и 2022/2023 г.**

| **Освоени награди на:** Натпревари акредитиран и од МОН | **Општински натпревар** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонски јазик и литература | | | Математика и информатика | | | Странски јазици | | | Природни науки | | | Општествени науки | | | Стручни предмети | | | Спорт и спортски активности | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| **2021/2022** | | | | 10 | 2 | | | | | | 2 | 7 | | | | | | | 3 | 2 | 1 |
| **2022/2023** | | | | 8 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | | 2 | 3 | 1 |
| | **Регионален натпревар** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Македонски јазик и литература | | | Математика и информатика | | | Странски јазици | | | Природни науки | | | Општествени науки | | | Стручни предмети | | | Спорт и спортски активности | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| **2021/2022** | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | | 2 | 3 | | | | | | | 1 | 2 | 2 |
| **2022/2023** | | | | | 2 | 3 | | | | | 3 | 2 | | | | | | | 2 | 1 | |
| | **Државен натпревар** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Македонски јазик и литература | | | Математика и информатика | | | Странски јазици | | | Природни науки | | | Општествени науки | | | Стручни предмети | | | Спорт и спортски активности | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| **2021/2022** | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | 2 | | |
| **2022/2023** | | | | | | | | | | | 3 | 3 | | | | | | | 1 | | |
| | **Меѓународен натпревар (олимпијада)** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **2021/2022** | / | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **2022/2023** | 1 трета награда Европско средношколско кошаркарско првенство женска конкуренција | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| МАССУМ | **2021/2022**<br>1 втора награда англиски јазик ( Интервју за работа)<br>1 втора награда македонски јазик ( Драмска претстава)<br>1 трета награда македонски јазик ( Јавно говорење)<br>1 прва награда спорт (женска конкуренција поединечно)<br>1 втора награда спорт (женска конкуренција поединечно) | **2022/2023**<br>1 прва награда Информатика ( Најдобар постер) |
| Натпревари кои не се акредитиран и од МОН | **2021/2022**<br>Перформанс Шагринска кожа награда за најдобра едукативна претстава Меѓународен театарски фестивал Лектирики | **2022/2023**<br>Драмска претстава Паланечко Зоне на Меѓународен театарски фестивал Лектирики:<br>2 први награди за машка и женска улога<br>1 втора награда од жири комисија<br>1 прва награда од публика |

Во додатната настава доминира истражувачкиот пристап во решавање на задачите и проблемите, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците, подготовки за натпревари на општинско, државно и меѓународно ниво.

Во текот на годината се реализира и додатна настава со учениците од четврта година со цел успешно да ги совладаат содржините за интерните и екстерните испити од матурата како и во подготовката на проектните задачи.

| | |
|---|---|
| | За учениците со посебни потреби наставниот процес се адаптира соодветно нивните потреби и можности.<br>**2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>За учениците кои имаат послаби резултати во учењето или имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини се организира:<br>- дополнителна настава во текот на учебната година;<br>- продолжителна настава доколку учениците на крајот од наставната година имаат слаби оценки;<br>Предметните наставници, за реализирање на дополнителната настава изготвуваат редуцирана наставна програма адаптирана на потребите на учениците.<br>Во учебните 2021/22 и 2022/23 училиштето избира ученик на генерација во секоја година на образование. Изборот се прави според сооодветно изготвен Правилник.<br>**2.1.5. Следење на постигањата на редовните и вонреднитеученици при премин од еден во друг циклуси од едно до друго ниво на образование**<br>Училиштето ги следи образовните резултати на учениците при премин од една во друга година и по завршувањето на основното образование. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од една во друга година, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување.<br>**2.1.6. Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците**<br>Училиштето применува пропишани постапки за хоризонтално и вертикално движење на учениците што им овозможува премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка (хоризонтална проодност) и продолжување на образованието на повисоко ниво (вертикална проодност).<br>**2.1.7. Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма**<br>Училиштето ги почитува принципите за еднаквост при вклучувањето на учениците во реализација на еколошката програма согласно структурата на |

| | |
|---|---|
| | учениците во училиштето. |
| **Извори на набљудување**<br><br>✓ **Записници од наставнички совети за секој квалификационен период**<br><br>✓ **Записнициод педагошко-психолошка служба**<br><br>✓ **електронски дневник**<br>✓ **дневници на паралелки** | **2.2.1. Опфат на учениците -***Задржување/осипување на учениците*<br><br>Училиштето има изградено политика за запишување на сите ученици од својот регион, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Исто така има добра политика за промовирање на гимназиското образование, заради запишување на поголем број на ученици. Училиштето овој период согласно политиката на МОН го афирмира и стручното образование.<br><br>Се промовираа сите образовни профили застапени во училиштето со организирање на отворени денови во месец мај, кога училиштето организирано го посетуваат учениците од основните училишта од општините Крива Паланка и Ранковце.<br><br>За потенцирање е фактот, што по трето по ред барање, конечно во учебната 2021/22 година училиштето доби верификација од МОН и ја понуди за упис во прва година многу бараната здравствена струка, профил медицинска сестра во која се запишаа 28 ученика. Останатите стручни паралелки за упис во прва година беа верификувани за дуални, со зголемен број на часови практична настава, со поддршка од локални компании за нејзино спроведување. МОН додели и голем број на стипендии за дуалните паралелки со што за прв пат во учебната 2021/22 година бројот на запишани ученици во прва година во стручно овразование го надмина бројот на на запишани ученици во гимназиско образование. Во 2021/22 учебна година од МОН ни беа одобрени вкупно 9 паралелки за конкурс за упис во прва година, една гимназиска паралелка помалку од претходната година. Со тоа веќе на конкурс ја немавме и текстилна струка во која немаше никаков интерес за запишување на ученици неколку години на назад.<br><br>Во учебната 2022/23 година училиштето повторно при упис во прва година понуди гимназиски и стручни паралелки. Воведе уште една нова струка, а тоа е градежна струка- градежен техничар и воедно сите 5 стручни паралелки ги понуди како дуални. Бројката на запишани ученици во стручно |

| | |
|---|---|
| | дуално образование повторно го надмина бројот на запишани ученици во гимназиско образование и само занемарливо мал број на ученици од општината не се запишаа во нашето училиште во прва година.<br><br>Во училиштето, вработените се грижат да се задржи бројот на запишаните ученици, а во текот на годината има мал број на ученици кои се осипуваат, како и мал број на ученици кои од други училишта се запишуваат во нашето училиште.<br><br>**2.2.2. Редовност во наставата**<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.<br><br>Се идентификуваат учениците со 10 и повеќе неоправдани изостаноци, 100 и повеќе оправдани изостаноци, како и учениците со недолично однесување, се реализираат средби со родителите за надминување на причините за отсуствата од настава.<br><br>**Задржување/осипување на учениците и ученици кои не ја завршиле годината** |

| Состојба | Број на ученици во учебна 2021/2022 г. | Број на ученици во учебна 2022/2023 г. |
|---|---|---|
| Дојдени | 9 од нашата држава +2 од странство | 2 од нашата држава +1 од странство |
| Префрлени во друга паралелка | 4 | 3 |
| Премин во вонреден ученик | 5 | 1 |
| Испишани | 4 | 6 |
| Заминати во друго училиште | 3 | / |
| Отстранети | 2 | 5 |

| | |
|---|---|
| ✓ **изготвен** | **Ученици кои не ја завршиле годината** |

| распоред за продолжителна настава<br>✓<br>✓ електронски дневник | Состојба | Број на ученици во учебна 2021/2022 г. | Број на ученици во учебна 2022/2023 г. |
|---|---|---|---|
| | Повторувачи | / | 4 |

| |
|---|
| |
| **Резултати: Подрачје бр. 2: Постигања на учениците** |

**Слабости**

- ✓ Можностите за професионален развој на наставниците ги има во добар број, може и натаму да се проширувaат со нови теми и да се мотивираат наставниците да посетуваат обуки
- ✓ Постојат групи ученици со недоволна мотивација и ентузијазам за работа
- ✓ Преобемни сенаставните планови, особено во стручното образование.
- ✓ Недостасуваат учебници по повеќе предмети посебно во стручното образование
- ✓ Да се продолжи со доопремување на кабинетите според пројавените потреби на наставниците со нагледни средства и помагала во континуитет
- ✓ Кабинетот од машинска струка е недоволно опремен изведување на практичната настава во училиштето, но сепак таа струка за некоја година повеќе нема да ја имаме во училиштето, а учениците одат на прачтична работа кај партнер компанија.
- ✓ Зајакнување на соработката меѓу активите во изработка на стандардизирани тестови, наставни ливчиња, чек листи и други методи на проверување на знаењата со цел градење на изедначени критериуми меѓу наставниците
- ✓ Засилување на реализацијата на програмите за дополнителна и додатна настава
- ✓ Акцент на групни советувања на родители и ученици со слаб успех

**Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ✓ Доопремување на кабинетите со цел обезбедување по компетентна околина за зголемување на интересот на учениците за усвојување на знаења и вештини

- ✓ Обезбедување на стручна литература за наставниот кадар, со цел подобрување на подготвеноста на наставниците со нови информации од новините во струката, подрачјето, посебно таму кај што нема одобрени учебници
- ✓ Задолжителни обуки на наставниците за примена на интерактивни методи на настава и оценување, со цел обезбедување поинтересна настава за учениците и зголемување на квантумот на усвоени знаења, умеења, вештини и практики, со што ќе дојде до подобрување на постигањата на учениците
- ✓ Подобра усогласеност на термините за реализација на тестовите и писмените работи, со цел избегнување на можноста за преоптеретување на учениците за постигнување на подобри резултати
- ✓ Вклучување на родителите во подобрување на постигањата на учениците во целиот воспитно-образовен процес, со цел и тие да го дадат максимумот во напорите учениците да го зголемат своето знаење и да ја подобрат редовноста

| Подрачје 3: Учење и настава | |
|---|---|
| **Извори на набљудување** | **АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ ЗА ПОДРАЧЈЕ 3** |
| ✓ **Планирања на наставниците**<br><br>✓ **Наставни планови и програми од БРО, ЦСОО и МОН за реализација на наставата**<br><br>✓ **Годишни, тематски планирања**<br><br>✓ **Распоред на часови**<br><br>✓ **Годишна програма на училиштето;**<br><br>✓ **Годишна програма за работа на директор;**<br><br>✓ **Е-Дневник за работа;** | **Индикатор за квалитет - 3.1.1. Индивидуални планирања на наставниците**<br><br>Наставата се реализира според предложените наставни програми од Биро за развој на образование и ЦСОО. За успешна реализација на наставните планови и програми, наставниците подготвуваат годишни глобални планови, тематски планови и дневни подготовки - оперативен план за секој наставен час, план за додатна и доплнителна настава, план за проектни активности, ИОП. Годишните и тематските планирања се изготвуваат според календарот за работа и се следат од стручната служба на почетокот од учебната година и при посетата на часови од страна на наставниците. Планирањата на наставниците содржат:<br>✓ активности на часовите - интерактивни форми и методи;<br>✓ воспитно-образовни цели;<br>✓ очекувани резултати од учењето;<br>✓ избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа;<br>✓ проверка на постигањата на учениците;<br>✓ ИКТ содржини во наставата;<br>✓ МИО активности;<br>✓ еколошки содржини во планирањата согласно еколошката програма;<br>✓ Временска рамка на реализација на истите;<br><br><br>*мислења на наставниците |

| | |
|---|---|
| ✓ **Програми за работа на секој стручен актив за учебната година;**<br>✓ **Извештаи од состаноци на стручните активи;**<br>✓ **Извештај за работата на менторот со менторирани от наставник** | **3.1.2 Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа:<br>- годишните и тематските планирања наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат до стручната служба во печатена и електронска форма;<br>- оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорката на училиштето, стручната служба и државниот просветен инспекторат;<br>- увид во е-дневник на паралелките;<br>- посета на наставни часови од директои стручната слуѓба на училиштето при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови;<br>- воведување во работата на наставниците приправници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците приправници.<br><br>**3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br><br>При изготвување на наставните планови и подготовки постои соработка меѓу наставниците од стручните активи, но и консултации меѓу наставници од различни активи и други училишта и таа комуникација се остварува преку: состаноци на активот, секојдневни неформални разговори и дискусии во колективот, состаноци со стручна служба, директор, советници и инспектори.<br>Се разменуваат искуства за:<br>✓ реализација на наставната програма;<br>✓ примена на интерактивни форми и методи во процесот на настава;<br>✓ програмите за дополнителна работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот; |

| | |
|---|---|
| | ✓ размена на искуства и консултации за програмите за додатна работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br><br>*Дел од наставниците исто така користат интернет (веб страни и форуми) за разменување на искуства и информации со колегите од други држави.*<br><br>**3.1.4 Распоред на часови**<br>Распоредот на часови се изработува во согласност со наставниот план. Го изработува наставник во соработка со директорот и наставниците, почитувајќи ги педагошките принципи, интересите и потребите на учениците, но и на смите наставници и наставниот процес. Исто така се изработува и распоред за додатна и дополнителна настава и за реализација на проектмите активности.<br><br>**3.1.5 Вклучување на еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма**<br>Во наставните предмети наставниците вметнуваат содржини од ЕКО програмата, т.е. точки на акција од еко-стандардите кои се поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл.<br><br>**Индикаторна вреднување - 3.2. Наставен процес**<br><br>**3.2.1. Наставни форми и методи**<br><br>Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми кои се во согласност со потребите и можностите на учениците.<br><br>✓ Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик;<br>✓ Наставниците користат голем избор на задачи, активности и ресурси;<br>✓ Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;<br>✓ Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет, |

надгледни средства, материјал и алати за практична настава за учениците од гимназиско и стручно образование;

- ✓ Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничката и религиската припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците;
- ✓ Посета на часови (секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорката и стручната служба на училиштето);
- ✓ Листи за набљудување при реализација на час (портфолио за секој наставник)
- ✓ Наставниците успешно ги развиваат клучните компетенции за животни вештини (најмногу на класните часови).

Анкетираните ученици и наставници во врска со индикаторот учење и настава, се изјасниле дека




*мислење на ученици




*мислење на наставници

Во наставата се применуваат следните методи и техники на настава:

- ✓ монолошки метод,
- ✓ дијалошки метод,
- ✓ метод на анализа и синтеза,
- ✓ метод на индукција и дедукција,
- ✓ метод на истражување и презентација,
- ✓ дебата и дискусија,
- ✓ метод на решавање на проблеми,
- ✓ метод на играње улоги,
- ✓ текст-метод,
- ✓ метод знам, научив и сакам да знам (ЗСНУ),
- ✓ метод: улога, публика, форма и тема (УПФТ),
- ✓ метод на експеримент,
- ✓ метод на критичко мислење,
- ✓ метод на актуелизација на наставата и др.

Употребата на наведените методи се комбинира со употреба на соодветни техники, од кои се користат кооперативните техники на вртелешка и сложувалка, графичките прикази на Венов дијаграм, т-табела, двоен запис, мисловна мапа и др. *игрификација,* работа во групи со опцијата *Teams rooms*..




*мислење на наставници




*мислење на ученици




*мислење на родители

### 3.2.2.Употреба на ИКТ во наставата

Голем дел од наставниците се информатички обучени и применуваат ИКТ во наставата (изработка на домашни задачи, проекти, есеи, истражување од страна на учениците, часови подготвени со Power point презентации, Kahoot и други апликации).




*мислење на наставници




*мислење на ученици

**3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси**

Наставниците им задаваат на учениците различни задачи и активности кои се прилагодени на индивидуалните образовни потреби и афинитети на учениците и нивното темпо на учење. Во изборот и подготовката на задачите и активностите се користат различни ресурси, не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници. Како најзастапени активности што ги применуваат наставниците се: изработување на домашни задачи, проекти, презентации, есеи, драматизација на ликови, симулација на ситуации, проективни техники и друго. На учениците им се овозможува да напредуваат според сопствените можности во сите ситуации кога се проценува потреба за наведеното.

**3.2.4. Приодот на наставникот кон учениците**

Сите наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиската припадност. На часовите и во комуникацијата со учениците и меѓу учениците се стимулира почитување на рзличностите и поттикнување да не се користат полови, етнички, религиски и други стереотипи.




*мислење на ученици

### 3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците

Наставниците водат грижа да се обезбедат еднакви можности за учениците без оглед на полот, социјалното потекло, националната или религиска припадност. Во училиштето наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето. Наставниците користат различни приоди за интеракција со учениците: отворена дискусија, поставување на учениците во улога на наставници, пофалби кога е тоа соодветно.




*мислење на ученици




*мислење на ученици

### Индикатор на вреднување - 3.3. Искуства на учениците од учењето

### 3.3.1. Средина за учење

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина. На учениците им се допаѓа средината за учење во училиштето.




*мислење на родители

### 3.3.2. Атмосфера за учење

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и дека за време на часовите наставниците ги охрабруваат учениците самостојно, критички и креативно да размислуваат. Наставниците настојуваат да ги потикнат учениците да се вклучат активно во наставата, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Притоа постои атмосфера на меѓусебна почит и соработка меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици, што се гледа и од реализираните анкета.




*мислење од ученици

| | |
|---|---|
| |  <br>*мислење на родители<br> <br>*мислење на родители<br>**3.3.3. Потикнување на учениците за превземање на одговорност**<br>Учениците сметаат дека имат можност да го искажат своето мислење и истото се зема во предвид при решавање на проблеми и носење одлуки во училиштето. Учениците се потикнати и охрабрени да размислуваат самостојно и да превземат лична одговорност, преку: самостојно активно учење, изработка на проекти, учество во училишна заедница, учество во Еразмус проекти, учество на натпревари, квизови, соработка со локалната заедница...<br> <br>*мислење на ученици |

**3.3.4.Инеракција на учениците меѓу себе и со наставниците**

Училиштето освен воспитно-образована, има и социјална функција со која ги потикнува и мотивира учениците да остваруваат соработка меѓу себе и со наставниците.




*мислење на наставници

**Индикатор на вреднување: 3.4. Задоволување на наставните потреби на учениците**

**3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**

Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат општите и специфичните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и тековно превземаат обврски за нивно надминување и подобрување. За своите образовни потреби, учениците разговараат со раководителот на паралелка, наставниците на советите на паралелка и наставнички совет, состаноците на активи, родителските средби... Стручната служба во соработка со наставниците, учениците и родителите обезбедува поддршка за учениците во препознавањето на образовните потреби на учениците и можностите за совладување на наставните содржини и постигнување на целите при учење. Образовните потреби на учениците се идентификуваат и преку можноста тие да изберат изборни предмети, проектни активности, предмети за матура и сл.




*мислење на родители




*мислење на ученици

## Индикатор на вреднување: 3.4. Оценувањето на учениците како дел од наставата

### 3.4.1. Оценување на учениците

Училиштето ги применува позитивните законски прописи со кои се регулира оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика на оценување, во која основна цел е да се поддржи учењето на секој ученик. Најголем дел од наставниците по секој актив имаат усогласени критериуми за оценување, чија главна цел е подобрување на успехот на учениците.




*мислење на родители

**3.4.2. Методи и форми на оценување**

Постигнувањата на учениците во училиштето се оценуваат со користење на различни форми, методи и техники: писмени работи, усна проверка, тестови и контролни задачи, практични задачи и вежби, изработка на проекти, самостојни изработки, континуирано следење на нивните активности за време на часовите, евидентни листови, чек-листи, самооценување, оценување во парови. Наставниците ги евидентираат сите активности на учениците и врз база на тие податоци јавно ја формираат оценката на ученикот. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Поголем дел од наставниците овозможуваат учениците да се вклучат во оценувањето и практикуваат да го стимулираат ученикот да се самооцени или ја слушне проценката од соучениците за степенот на совладаност на материјалот. При следењето на напредувањето на ученици со пречки во развојот се следи индивидуалниот образовен план, диференцираните цели, нивното постигнување и оценува ученикот соодветно на постигнувањата.




*мислење на наставниците




*мислење на учениците

**3.4.5. Користење на информации од оценувањето во наставата**

| | |
|---|---|
| | Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и успех. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето. Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и модифицираат планирањето и спроведувањето на наставата со единствена цел – зголемување на квантумот на знаење кај учениците и подобрување на нивниот успех.   *мислење на родителите   *мислење на родителите<br><br>***3.4.6. Известување за напредокот на учениците***<br><br>Известување за постигнатиот успех и напредок на учениците, родителите добиваат преку:<br>✓ разговори со класниот раководител<br>✓ разговори со предметните наставници поединечно<br>✓ разговори со стручната служба<br>✓ родителски средби |

- ✓ евидентни листови
- ✓ Е дневник
- ✓ редовно одржување на родителски средби
- ✓ средби и разговори со класен раководител и предметни наставници
- ✓ разговори со стручна служба
- ✓ учество на родителите во советот на родители на училиштето
- ✓ учество на родителите во Училишниот одбор на училиштето
- ✓ отворени денови
- ✓ приемни денови




*мислење на ученици

На родителските средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за потребата и користа од образованието, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивните карактеристики на личноста, формирање на општествено корисни индивидуи.

Водењето на Е-дневникот се одвива редовно и одговорно, со постојана контрола од стручната служба. На тој начин родителите најлесно се информирани за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението и слично.




*мислење на родителите




*мислење на наставници

**Клучни јаки страни**

- ✓ различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците;
- ✓ високо мотивирани и едуцирани наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата;
- ✓ континуирано изготвување на годишни и тематски планови како и програми за работа;
- ✓ целосно применување на интерактивната настава со што се следат најновите трендови во образованието со примена на современи форми, методи и техники;
- ✓ рамноправност на учениците независно од полот, националноста и религија;
- ✓ успешност на многубројни натпревари каде учениците се стекнале со многубројни награди на регионално, државно и меѓународно ниво;
- ✓ непристрасен, објективен и професионален однос кон учениците и родителите.

**Клучни слаби страни**

- ✓ интензивирање на соработката помеѓу наставниците преку посета на отворени часови;
- ✓ интензивирање на соработката со советниците од БРО

| Подрачје бр. 4 - Поддршка на учениците | |
|---|---|
| **Извори на набљудување** | **АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ** |
| ✓ **Програма за работа на Директорот**<br><br>✓ **Програма за работа на стручна служба**<br><br>✓ **Кодекс на однесување**<br><br>✓ **Годишна програма на училиштето**<br><br>✓ **Увид во просторнитек апацитети**<br><br>✓ **План за заштита и спасување**<br><br>✓ **Програма за превенција од психотропни супстанции**<br><br>✓ **еко-програма**<br><br>✓ **Програма за поддршка на ученици со емоционални потешкотии** | ***4. 1. Севкупна грижа за учениците***<br><br>**4. 1. 1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на наставниот процес. Во однос на безбедноста на учениците во училиштето, од страна на вработените целосно се води грижа за нивната сигурност за време на престојот во училиштето. Во училиштето има поставено видео надзор во двете училишни згради, кои го покриваат целокупниот простор во училиштето.<br>Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, салата и.т.н. ) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.<br>Секојдневните дежурства на наставниците за време на одморите, уште повеќе ја зајакнуваат грижата на учениците. Учениците од страна на наставниците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Учениците користат заштитна опрема при изведување на практични вежби за одредени предмети. Сите ученици се осигурани од страна на училиштето и дел од вработените.<br>Училиштето има изготвено *Правилник за заштита од пожари и експлозии* и за истиот имаме добиено согласност за примена од Дирекцијата за заштита и спасување.<br>Постои *План за заштита и спасување* и *План за евакуација.* На 04.10.2021 година е изведена симулација на евакуација, во соработка со ДППЗ *ПРЕВЕНТИВА 2018* - Куманово, *Црвен крст* – Крива Паланка, *МВР* Крива Паланка, задрвствен дом *Димитар Арсов* - Крива Паланка и др.<br>Училиштето располага со 13 ПП апарати, внатрешни хидранти и громобранска мрежа со 12 громобрани на двете згради.<br>Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците, со кој се имаат запознаено сите да се придржуваат кон него. Целиот училишен простор е означен со панични светла. Училиштето има |

| | |
|---|---|
| ✓ **Протокол за превенција од насилство и постапување во случај на насилство**<br><br>✓ **Статут на училиштето** | екипа за противпожарна заштита за која има посетувано соодветна обука.<br><br>**4. 1. 2. Превенција од насилство**<br>Во Статутот на училиштето е нагласено дека при сите облици на насилство (психичко и физичко) меѓу учениците, се реагира со соодветни педагошки мерки. Училиштето има изготвено интерен *Протокол за постапување во случај на насилство* и *Правилник за изрекување на педагошки мерки.*<br>Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство и изготвува извештаи од разговор со учениците кои пријавиле такво однесување. Доколку ученикот пријави домашно насилство стручната служба пријавува до соодветните институции. Стручните служби се должни да ги известат надлежните институции доколку забележат било какви манифестации на насилство и злоупотреба на ученици. Стручните служби и наставниците активно работат на превенција на случаи на насилство.<br>Класните раководители ги информираат учениците дека во училиштето од стручната служба покрај советодавната работа можат да добијат помош и преку реализирање работилници на кои се третираат актуелни теми – другарство, хуманост, решавање конфликти, насилство, омраза и сл. Со учениците од прва година се реализираат работилници за ненасилство од страна на стручната служа. Активностите за заштита и безбедност на учениците, училиштето ги координира со институциите во локалната заедница, најчесто со Здравствените организации, Црвен крст, Министерството за внатрешни работи, МВР- Крива Паланка и Локалната самоуправа при Општина Крива Паланка.<br><br><br>*мислење на ученици |




*мислење на наставници




*мислење на родители

### 4. 1. 3. Заштита од пушење, алкохол и дрога

Училиштето има политика за заштита од пушење, консумирање и дистрибуција на алкохол и наркотични супстанци. Со реализација на воспитната компонента учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци. Во училиште и училишниот двор има истакнато знак ***Забрането пушење*** има и *Протокол за постапка во случај на појава на овие пороци.* Училиштето како институција е во постојана соработка со локалната самоуправа како и со МВР, при што се организираат работилници и предавања на учениците на кои им се презентираат опасностите од пушењето, дрогата и алкохолот како первенција.

| | |
|---|---|
| |  <br>*мислење на учениците<br><br>**4. 1. 4. Квалитет на достапна храна**<br>Во училиштето не се врши организирана достава на храна за ученици. Учениците сами се снадбуваат со храна од локалните продавници за храна. Нема пропишани процедури за проверка на примероци од храната за испитување во институцијата надлежна за утврдување на квалитетот на храната. За квалитетот на храната се грижи самиот производител.<br>Во училиштето се спроведува постојана едукација и предавања на учениците за консумирање здрава храна. Предавањата се во рамките на редовните наставни содржини и преку проектот *Еко училиште*, а целта е да се поттикнат и мотивираат учениците за здрав и квалитетен живот. Меѓутоа не постои многу голема свест за користење на здрава храна и покрај честите сугерирања од страна на наставниците.<br><br>**4. 1. 5. Поддршка на учениците со попреченост и телесни пречки во развојот**<br>Училиштето има обезбебено патека на влезот за ученици со телесни пречки во развојот, но нема обезбедено услови за меѓукатно движење на лицата со телесна попреченост и соодветни тоалети за овие лица. Училиштето има пропишано процедури за грижа на учениците со пречки во развојот и за учениците со физичка инвалидност. Стручната служба води евиденција за учениците кои се образуваат според ПОП, педагошки досиеја, записници, разговори и работа со учениците и родителите. Со работата на инклузивните тимови овозможена е контунирана и соодветна помош и подршка, согласно со образовните потреби на учениците со ПОП. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето дава помош на наставниците околу поставување на целите, исходите, оценувањето како и во изработка на годишни и тематски индивидуални образовни планови за учениците кои се образуваат според ПОП. Во текот на учебната година редовно се одржуваат состаноци на инклузивните тимови. Состаноците се наменети за дискусија и следење на напредувањето на учениците со ПОП. На почетокот на наставната година се подготвува ИОП за секој предмет.Во училиштето се води политика за вклучување на соучениците во давање помош и водење грижа кон учениците со ПОП. Учиилштето соработува со невладини организации кои се залагаат за унапредување на живото на учениците со попреченост.<br><br>**4. 1. 6. Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br>На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува особено внимателно, со цел да не се повреди нивната личност, а кон истите се преземаат соодветни активности за санирање и ублажување на нивната состојба. Во училиштето се спроведува програмата *Условен паричен надомест,* координирана од училишниот психолог. Активностите за оваа категорија на ученици најчесто се на ниво на стручната служба, класните заедници и разни хуманитарни акции во рамките на воннаставни активности. Доколку се утврди дека ученикот потекнува од социјално загрозено семејство, во тој случај ученикот е изземен од плаќање на разни воннаставни активности, матурски прослави, еднодневни екскурзии... Училишната заедница како и Црвениот крст во училиштето организираат многу хуманитарни настани. Акции за собирање на храна и облека. |
| ✓ **Записници од надлежните органи во училиштето за хигиена**<br><br>✓ **Куќниот ред на училиштето** | ***4. 2. Здравјето на учениците***<br><br>**4. 2. 1. Хигиена и заштита од болести**<br>Хигиената во нашето училиште е на највисоко ниво. Во текот на секоја учебна година два пати се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Тоалетите за наставниците и учениците редовно се чистат во текот на денот по неколу пати. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, отпадот од училниците се изнесува двапати дневно. На крајот од секој работен ден подовите се бришат, а холот се чисти со |

| | |
|---|---|
| ✓ **Извештаи од систематски прегледи**<br><br>✓ **Закон за заштита и безбедност при работа** | специјална машина. Прозорците, вратите и другиот инветар се чистат двапати во секое полугодие, задолжително на секој распуст. Училишниот двор е чист (секојдневно двапати се собираат отпадоци), добро уреден а на земјините површини е посадено трева, зимзелени дрвца и цвеќиња и истите редовно се одржуваат.<br>Во текот на учебната година редовно се организираат еколошки акции за разубавување на училиштето во координација на активот по биологија.<br><br><br><br>*мислење на наставници<br><br><br><br>*мислење на родители |




*мислење на ученици




*мислење на ученици

### 4. 2. 2. Грижа за учениците со здравствени проблеми

Секоја учебна година на учениците се вршат систематски прегледи и учениците редовно се вакцинираат според календарот за вакцинирање. Класните раководители како и активот по спорт и спортски активности најчесто ги детектираат здавствените проблеми кај учениците во соработка со стручната служба во училиштето. Преку програмата за животни вештини класните раководители ги упатуваат учениците на грижа за сопственото здравје и зачувување на истото.

Во училиштето на класните часови и од страна на стручни лица се организираат предавања на теми за заштита од заразни болести. Училиштето има екипа за давање на прва медицинска помош на ученици и таа екипа има поминато обука за давање на прва помош.

Во случај кога ученикот е отсутен подолго поради долготрајна болест која бара болничко лекување, класниот раководител заедно со стручната служба предлага начини како ученикот да ги надополни пропуштените часови или по можност ученикот да ја следи насатавата онлајн, секако во

| | |
|---|---|
| | соработка со родителите.<br>Училиштето навремено ги открива и се грижи за учениците со емоционални потешкотии. Стручните соработници се обучени да им помагаат на учениците и на родителите во вакви ситуации или да ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн.) |
| ✓ **Програма за работа на класни часови**<br>✓ **Предавања од високо-образовни институции**<br>✓ **Советодавна работа со учениците**<br>✓ **Програма за професионален развој на учениците**<br>✓ **Програма за работа на училишна заедница**<br>✓ **Записници од родителски состаноци** | ***4.3. Советодавна помош на учениците***<br><br>**4.3.1. Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br><br>Училиштето има изработено *Програма за професионално советување и насочување*. Учениците имаат можност самоиницијативно да се пријават на овој вид на советување. Професионалното информирање и советување во врска со понатамошното образование, избор на професија или професија или работа се врши постапно во текот на школувањето. Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на високо-образовни институции во Републиката, организира презентации за условите за студирање од заинтересирани факултети кои ги промовираат стручните профили на високо образование и условите за упис на истите. Училиштето од страна на наставниците и стручните соработници им обезбедува на учениците јасни, точни и целосни информации за можностите за нивното понатамошно образование и информации содржани во објавените конкурси за запишување на студии.<br><br><br>*мислење на родители |

| | |
|---|---|
| ✓ **Извештај на психолог за оветодавна работа на ученици и родители на ученици кои имаат над 100 оправдани изостаноци и повеќе од 3 слаби оценки** | **4. 3. 2. Грижа за ученици со емоционални потешкотии**<br>Во училиштето постои редовна соработка помеѓу стручната служба, класните раководители, предметните наставници и родителите преку информативни или советодавни разговори, секогаш кога се појавува овој проблем.<br>Преку работа на Советот на родители, родителските средби и на класните часови родителите и учениците се запознаваат со постоење на стручната служба во училиштето и за видот на помошта што може да ја добијат. Училиштето реализира различни активности како што се: советодавна работа со учениците при изборот за учество во слободни активности, додатна настава, советодавна работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родители чии деца побрзо напредуваат или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината, учество во организација на активности во педагошкото образование на родители преку стручни предавања и сл.<br>За состојбата со учениците со емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми со социјализацијата и сл., покрај класните раководители се информираат и членовите на стручната служба, кои тимски работат на отстранување на евентуалните проблеми на учениците. На овие ученици класните раководители и стручната служба им помагаат преку индивидуални или групни методи (разговори, советувања, работилници или се упатуваат до релевантни институции), а по потреба се вклучуваат и родителите на овие ученици. За учениците со емоционални потешкотии училишниот психолог води соодветна евиденција.<br>Стручната служба организира и советувања за родителите чии деца имаат слаб успех во училиштето, така и за родителите чии деца имаат намалено поведение или голем број на изостаноци. |

| | |
|---|---|
| | <br>*мислење на родители |
| ✓ **Главни книги**<br>✓ **Записници од родителски средби**<br>✓ **Записници од состаноци на наставнички совети и Совети на паралелка**<br>✓ **Закон за средно образование**<br>✓ **Писмени известувања за следење на успехот и поведението во текот на наставната** | ***4.4. Следење на напредокот***<br><br>**4.3.1. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Најголем дел од предметните наставници и класните раководители водат евиденција за успехот, редовноста и поведението на учениците во електронскиот дневник. Евиденцијата содржи информации за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки. Следењето на напредокот на учениците се евидентира во дневникот на паралелката. Родителите редовно најмалку 4 пати годишно на родителските средби или индивидуалните средби се известуваат за напредокот на учениците. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тримесечје, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат на е – маил адреса на родител/старател или преку СМС порака. Класните раководители на крајот на секое тримесечје и полугодие поднесуваат извештај за постигнувањата на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителските средби. Постигнатите резултати на учениците се презентираат пред Советот на родители, Наставничкиот совет и Училишниот одбор.<br>Секојдневно стручната служба има разговори со наставниците за тековни прашања кои се дел од работните задачи, но и за проблемите кои се |

<table>
<tr>
<td>

**година по квартали**

✓ **Извештај од ДИЦ за постигнатиот успех на екстерните тестови и државна матура**

</td>
<td>

случуваат помеѓу наставникот и ученикот.




*мислење на наставници




*мислење на родители

**4.3.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелки**

Класните раководители подготвуваат редовни извештаи и анализи по тримесечја за напредокот и постигнувањата на учениците.Стручната служба редовно изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците според податоците добиени од класните раководители, а на наставничките совети се прави анализа на постигањата на учениците по паралелки и се предлагаат мерки за подобрување на истиот. Врз основа на резултатите од евиденцијата се согледуваат слабостите и потешкотиите на кои наидуваат учениците и се преземаат соодветни стратегии за надминување на истите. Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со диплома. Изборот на ученик на генерација се прогласува на крајот од 4 година со однапред утврдени критериуми од

</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | страна на комисија составена од наставници предходно избрани на Наставнички совет. Воедно се бира и ученик на година за I, II и III година поединечно. |
| | |

**Клучни јаки страни**

- ✓ Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- ✓ Безбедноста и хигиената во училиштето и грижа за здравјето на учениците;
- ✓ Континуирано следење на напредокот на учениците (евиденција за постигање на учениците по пол, етничка припадност, редовност и поведение)
- ✓ Добра информираност на учениците за професионалната ориентација;
- ✓ Постои соработка со родителите на учениците;
- ✓ Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање и дистрибуција на алкохол и наркотични средства и има соработка со локалните субјекти во наоѓање начин за сузбивање на истите.
- ✓ Организирање на хуманитарни акции спроведени од училиштето и од ученици самоиницијативно за помош на ученици од социјално загрозени семејства.
- ✓ Стручната служба секогаш е достапна и отворена за соработка со учениците, родителите и наставниците.
- ✓ Учениците учествуваат на натпревари и различни културно-образовни манифестации.
- ✓ Успешна соработка и целосна поддршка на учениците од страна на директорот, наставниот кадар и стручната служба.

**Слаби страни**

- ✓ Нередовни консултации и предавања за професионална ориентација
- ✓ Недостапност со соодветна стручна литература за работа со деца со посебни потреби;
- ✓ Недостиг на предавања од стручни лица од областа на здравственото воспитување на учениците;
- ✓ Недоволна соработка со дел од родителите (затвореност за потешкотиите и проблемите)

- ✓ Недостаток од училишна кантина.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ✓ Подигање на општото ниво на здравствената култура кај учениците;
- ✓ Обука за работа со ученици со посебни потреби
- ✓ Соработка со локалната заедница за достапност и квалитет на храната која учениците ја консумираат
- ✓ Еколошки активности (податоци за вклученоста на 7 - те чекори еко-менаџмент и 4 - те еко-стандарди во текот на учебната година)

<table>
<tr><th colspan="2">Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиштето</th></tr>
<tr><th>Извори на набљудување</th><th>АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ</th></tr>
<tr><td>✓ Статут на училиште<br><br>✓ Годишна програма на училиштето<br><br>✓ Предагошка евиденција на изречените мерки<br><br>✓ Интервјуа со наставници, ученици, родители директор<br><br>✓ Кодекс на однесување<br><br>✓ Куќен ред на училиштето<br><br>✓ Прашалник за ученици<br><br>✓ Прашалник за наставници</td><td>5. Училишна клима и односи во училиштето<br><br>5.1.Углед/имиџ на училиштето<br>Угледот на училиштето се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни вонnаставни активности, освојување многубројни награди на различни натпревари и промовирање на постигањата на учениците преку социјалните мрежи и веб страната на училиштето. Училиштето се труди да работи квалитетно. Се грижи за здравјето на учениците (преку систематски и стоматолошки прегледи, вакцинација и ревакцинација) и безбедноста на учениците (преку обезбедено видео надзор во сите делови од ходниците каде најчесто се движат учениците, дежурства), ја негува родовата сензитивност, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.Учениците од ист или различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. Училишната клима е една од компонентите на внатрешната училишна структура.Таа претставува секојдневен амбиент во училиштето, којшто е одраз на тоа како во него се чуствуваат и однесуваат наставниците, учениците и другите субјекти во училиштето. Цели на создавањето на позитивна клима се:<br>-воспоставување уредна и пријатна средина за работа;<br>-воспоставување систем на вредности;<br>-воспоставување на атмосфера на ред и дисциплина.<br><br>5.1.2. Кодекси на однесување и Куќен ред<br>Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците и наставниците и Куќен ред. Правилникот (кодексот) на однесување на училиштето и Куќниот ред на училиштето се подготвени од страна на</td></tr>
</table>

- ✓ **Прашалник за родители**
- ✓ **Дневници на пралелките;**
- ✓ **Записници од Наставничкиот совет;**
- ✓ **Годишен извештај;**
- ✓ **Пофалници, дипломи, награди;**
- ✓ **Веб страна на училиштето;**
- ✓ **Изложени трудови на учениците;**
- ✓ **Медиумско промовирање на постигањата на учениците;**
- ✓ **Документација за изведени проектни активности**

наставниците и стручните соработници, а донесени од Училишниот одбор и со нив се запознаени сите структури во училиштето.

На првиот класен час и на првата родителска средба, раководителите на паралелка ги запознаваат учениците, односно родителите со Кодексот на однесување и Куќнот ред на училиштето. Куќниот ред е истакнат во секоја училница и на влезот на училиштето.

Покрај кодексот на однесување на училиштето и куќниот ред, донесени се и:

- ➢ Кодекс на однесување на учениците при изведување на ученички екскурзии;
- ➢ Еко-кодекс кој го подготвија членовите на еко-одборот и учениците, а со кој се запознаени и родителите.

**Дел од обработените анкети со ученици, наставници и родители го покажуваат следното:**




*мислење на наставници




*мислење на наставници

**5.1.3. Училишна клима**

Раководниот тим, стручната служба (социолог, педагог и психолог) и

<table>
<tr>
<td>

✓ **Кодекс за однесување на воспитно образовниот кадар;**

✓ **Кодекс за однесување на учениците:**

✓ **Кодекс за однесување на родителите;**

✓ **Дневник на паралелка;**

✓ **Полугодишни и годишни извештаи на училиштето;**

✓ **Правилник за изрекување педагошки мерки;**

✓ **Записници од Наставнички совет**

✓ **Годишно планирање за наставните предмети**

</td>
<td>

наставниот кадар придонесуваат во училиштето да владее пријатна работна атмосфера, каде непречено ќе се одвива воспитно-образовниот процес.

Вработените се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него. Сето ова се должи на разбирањето, односот, културата, толеранцијата и соработката со учениците и нивните родители. Во училиштето односите помеѓу вработените се коректни, постои континуирана соработка, колегијалност и меѓусебна почит.

За соработката меѓу вработените најдобро говори организирањето на заеднички прослави и дружби, како на пример:  прослава за денот на училиштето, Новогодишниот коктел, еднодневни екскурзии и излети за крајот на учебната година.




*мислење на наставници




*мислење на наставници

</td>
</tr>
</table>

- **Планирање за образование на животни вештини**
- **Брошура за правата на децата од ООН**
- **Дневник за работа на стручната служба**
- **Педагошка евиденција во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности**




*мислење на наставници

**5.1.4.Поведение и дисциплина во училиштето**

Дисциплината во училиштето постојано и во континуитет се подобрува. За дисциплината се грижат сите структури во училиштето. Дежурни наставници се распоредени на определени места од училиштето (ходници, училишен двор и влезови). Дежурствата се реализираат пред почетокот на наставата и за време на одморите (мал и голем одмор). Во холот на училиштето има дежурство од ученици кои имаат за задача да водат евиденција за сите странки кои влегуваат во училиштето. Секојдневно се води дневник за евиденција на дежурства од учениците. Во секоја паралелка има дежурни ученици кои се грижат за дисциплината и хигиената во училницата. Сите вработени влегуваат и излегуваат од своето работно место преку службениот влез, со задолжително евидентирање преку електронски уред со свои лични електронски картички. Во оддржувањето на дисциплината во училиштето исто така, раководителите на паралелка, според Правилникот за изрекување педагошки мерки на учениците ги изрекуваат на сите ученици кои нема да го почитуваат Куќниот ред. Педагошките мерки се изрекуваат навремено и постапно, истите се запишани во е-дневник. Постои педагошка евиденција за изречени педагошки мерки во досиеата на учениците. Училиштето има правилник за оценувањето, напредувањето и полагањето на испитите на учениците. Поголемиот број од родителите сметаат дека Училиштето соодветно го применува Правилникот.




*мислење на ученици




*мислење на ученици




*мислење на ученици

Најголем процент од вкупниот број на ученици имаат Примерно поведение, поточно во учебната 2021-2022 година од вкупно 544 ученици, 491ученик или 90,26% имаат Примерно поведение, 44 ученици или 8,1% имаат Добро поведение и 9 ученика или 1,65 % имаат Незадоволително поведение на крајот од учебната година, а во учебната 2022/2023 година, од вкупно 562 ученици, 490 ученици или 87,81% имаат Примерно поведение, 46 ученици или 8,24% имаат Добро поведение и 11 ученика или 1,96 % имаат Незадоволително поведение на крајот од учебната година, а 4 ученика ја повторуваа годината.

| | |
|---|---|
| | Најчести причинители за намалувањето на поведението кај учениците се доцнење на часовите или отсуство на поедини часови од најразлични причини. Овие причини се јавуваат подеднакво и кај машките и кај девојчињата, а се одразува на нивниот успех и поведение. |
| | **5.1.5.Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** |
| | Училиштето се стреми да работи демократски, каде ќе се слушне сечие мислење и ќе се прифати секоја добра идеја. Учениците во соработка со училиштето преку Училишната заедница, партиципираат во кроење на политиките на работење на училиштето и разрешување на проблемите кои се јавуваат. Редовно преку спроведување анкети се согледуваат проблемите кај учениците и се организираат обуки и презентации според потребите и нивните интереси од најразлични теми со цел разрешување на проблемите и едукација на учениците. Преку Годишната програма на Училишната заедница се планираат и воннаставни активности и се поттикнуваат сите ученици да се вклучат во нивна реализација, меѓу кои се хуманитарни акции, еколошки акции итн. |
| | **Дел од обработените анкети со ученици, наставници и родители го покажуваат следното:** |
| |   |
| | *мислење на ученици |
| | **5. 2. Промовирање на постигањата** |
| | **5.2.1.Промовирање на постигањата на учениците** |
| | Училиштето презема активност за да ги промовира постигањата на |

| | |
|---|---|
| | учениците. Учениците редовно се вклучуваат во натпревари од најразличен карактер, во кои имаат освоени многубројни награди и признанија. Учествуваат во реализација на активности од Еразмус+ и Е-твининг проектите кои се реализираа во и надвор од границите на Република Северна Македонија, каде развиваат животни вештини, критичко размислување, разрешување проблеми и споделуваа искуства со други ученици.<br>Учествувањата и постигнувањата, успесите во натпреварите на учениците се промовираат преку училишната веб страна http://gjorchepetrov. edu. mk/, како и на социјалните мрежи и локалните медиуми. Исто така, училиштето ги наградува учениците кои постигнуваат континуиран успех и со решение на Наставничкиот совет е востановена практика да се избира Првенец на генерацијата за учениците од завршните години кому му се доделелува пригодна награда и прогласување на Ученик на година за учениците од I,II и III година.<br>**5.2.2.Промовирање на постигањата на училиштето**<br>За постигањата на учениците и освоените награди, најголема заслуга имаат наставниците кои неуморно преку нивното менторирање им помагаат и насочуваат. За успешното промовирање на училиштето се посветени сите активи подеднакво преку организирање на разновидни настани и предлагање на идеи за збогатување на активностите во училиштето во текот на целата учебна година.<br><br>Во промовирање на училиштето се планираат и изведуваат различни активности:<br>➢ Отворени денови во просториите на училиштето, на кои се промовираат струките и профилите во кои се изведува наставата, преку штандови, со споделување на сите нагледни сретства со кои располага училиштето, со цел привлекување нови ученици. Во тој дел се организираат и посети на основните училишта и деветтоодделенците пред кои, тим од наставници ги презентираат придобивките на учениците во продолжување на нивното |

| | |
|---|---|
| | школување во нашето училиште;<br>➢ Преку успешно реализирани Е-твининг проекти во кои учествувале наставниците со ученици или проекти наменети само за наставници, во учебната 2021/2022 година, училиштето е прогласено за Е-Твининг училиште;<br>➢ Училиштето се промовираше и преку учество во проектот РИКО во кој учествуваше како училиште од регионот и имаше за цел создаде услови за силни и одржливи врски меѓу училиштата;<br>➢ Нашето училиште во учебната 2021/2022 доби национална ознака за квалитет од НАЕОПМ за Е-твининг проекти;<br>➢ Нашето училиште во учебната 2021/2022 година доби признание за почитување и исполнување на стандарди за животна средина, која беше доделена од IASS Env.C: 2021-2023.<br>➢ Во проектот *Учи паметно, работи стручно*, во просториите на нашето училиште се организираше промоција на стручното образование, како и согледување на потребата за отварање на нови струки, на која присуствуваше и министерката за образование и наука, Мила Царовска.<br>➢ Во учебната 2022-2023 година, повторно преку проектот *Учи паметно, работи стручно*, нашето училиште како успешен пример за воспоставување на дуално образование, беше промовирано пред Заменик министерот од МОН – Алиу како и останати претставници од МОН, ЦСОО и Стопанската комора коиго посетија училиштето и одблиску ги видоа условите во кои учат нашите ученици.<br><br>**5. 3. Еднаквост и правичност**<br>**5.3.1.Познавање на правата на децата**<br>Раководниот тим, стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. За време на класните часови, преку програмата за Животни вештини, како и на редовните состаноци на Училишната заедница, се вложуваат огромни |

| | |
|---|---|
| | напори учениците да се информираат за своите права и обврски. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува, ако учениците не ги извршуваат во целост своите обврски.<br><br>**5.3.2Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br><br>Во училиштето подеднакво се почитуваат сите децата, независно од нивната социјална, економска, верска, образовна или национална припадност.<br>При упис на учениците во училиштето, за сите ученици важат истите критериуми и не се прави дискриминација по национална, верска и социјална основа. Секој ученик има право на поддршка и дополнителна помош во однос на неговите интереси и способности.<br>Право на секој ученик е јавно и објективно да му бидат соопштени критериумите за оценување и постигнатите оценки. Од разговорите со предметните наставници констатирано е дека, сите наставници јавно им ги соопштуваат резултатите и постигањата на учениците, додека раководителите на паралелката ги информираат учениците на секој класен час за сите промени во успехот и редовноста. За учениците со ПОП се изготвуваат програми кои се прилагодени според нивните интелектуални и/или телесни способности и од страна на наставниот кадар и стручната служба им се дава целосна помош и поддршка за напредување, а наставниците ги оценуваат според критериуми предвидени од правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост.<br>Учениците од ромската етничка заедница, редовно и навремено се информираат за конкурсите за стипендии, пришто им се помага во прибирање на целокупната потребна документација како и помош при аплицирање. Училиштето преку разни активности настојува да ги вклучи подеднакво сите ученици во нивна реализација. |




*мислење на ученици




*мислење на ученици




*мислење на родители




*мислење на наставници

**5.3.3.Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

Мултикултурализмот е заштитен знак на нашето училиште, иако во училиштето околу 96% од учениците се Македонци, додека останатите ученици припаѓаат на ромска етничка заедница,.

МИО активностите завземаат значајно место и во годишната програма на училиштето и на истите се обрнува посебно внимание. Различностите се почитуваат на сите нивоа.

Мултикултурализмот е вметнат е во годишните програми на сите наставни содржини, а се одвива преку различни видови на имплементација и презентација. Тоа е услов за континуиран раст на сензибилитетот на различностите помеѓу сите во воспитно-образовниот процес. Од анкетите кои се спроведуваат се гледа еднаквоsо третирање на учениците по сите основи (родова, полова, социјална, религиска, јазична).

Училиштето е збратимено и има склучено меморандум за соработка со училиштето ОСТУ *Наце Буѓони* од Куманово кое има мешан етнички состав на вработени и ученици.

Постои тим кој е одговорен за спроведување и изработка на акционен план за реализација на мултикултурните активности во наставните и воннаставните содржини.

Во текот на годината се предвидуваат и заеднички интегрирани часови, прослави на верски и национални празници.

**5.4. Партнерски односи со родителите, локалната и деловната**

**заедница**

Меѓусебната комуникација на сите структури во училиштето е на добро ниво. Тоа се гледа од извршените анкетирања на сите структури во училиштето, а за потребите на процесот на самоевалвација. Се покажа и тоа дека сите соработуваат во секој сегмент.

### 5.4.1.Соработка со родителите

Училиштето остварува соработка со родителите преку родителските средби, индивидуалните разговори и консултации со родителите, како и со Советот на родители. Настојува колку што е можно повеќе да ги поттикне и да ги вклучи родителите во образованието на своите деца и во животот на училиштето. Редовно се вклучуваат и известуваат родителите при изготвување и реализација на училишните екскурзии и излети, избор на осигурителните компании за осигурување на учениците итн.




*мислење на наставници




*мислење на родители

| | |
|---|---|
| | **5.4.2.Соработка со локалната самоуправа и деловна заедница**<br>- преку финансиска помош (доделување на стипендии за најталентираните ученици врз основа на различни критериуми, а од учебната 2022-2023 и стипендии за сите матуранти, обезбедена од Општината) и друга поддршка;<br>- локалната заедница и други субјекти од општествениот живот.<br>Редовно се одржува соработката меѓу училиштето и институциите при изведување на едукативни работилници и презентации, како со наставниот кадар така и со учениците. Како на пример, секоја година се одржува обука од УЈП за *Фискална политика на младите,* презентации од МВР и АРМ, соработка со Црвениот крст во одржување на крводарителски акции или други едукативни презентации, со Гратскиот музеј на Крива Паланка и други важни институции.<br>-Училиштето постојано соработува со другите училишта од општината и пошироко, а посебно со високо образовните институции од државата и надвор од државата (приватни и државни факултети) со цел да им се даде можност на учениците да се развиваат во оној правец во кој ги покажуваат и изразуваат своите желби, интереси и способности, како и да се информираат и подготват за соодветни студии.<br>-Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со локални компании и институции при изведување на практичната настава на учиниците од стручното образование.<br>-Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Крива Паланка, МВР, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Македонскиот народен театар, Драмскиот театар, Народна Банка на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, Народниот правобранител итн;<br>-Училиштето остварува делумна соработка и со граѓанскиот сектор, каде учениците активно учествуваат во проекти и активности од различен карактер, учества на семинари, предавања и работилници. Со ова учениците ги прошируваат своите знаења од различни области, ги усовршуваат комуникациските вештини и способности, се јакне работата во групи или тимската работа, ги развиваат позитивните карактерни |

особини на сопствената личност и други способности кои во иднина би им биле потребни за успешно вклучување во општествениот живот. Учеството е незадолжително, а учениците се вклучуваат самоиницијативно по сопствен избор и желба. Со учеството во овие активности, нашите ученици покрај личната афирмација, го афирмираат и училиштето и градот (LEAD, Извиднички одбори, фолклорни друштва, Европска куќа, Спортски клубови и др.)

Секоја вид на соработка и **медиумиски** се поткрепува со промовирање на постигањата на учениците и информирање за сите активности во училиштето и тоа преку веб-страната на училиштето, социјалните мрежи и брошури.




*мислење на ученици

**Резултати: Подрачје бр. 5: Училишна клима**

**СИЛНИ СТРАНИ**

- Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;
- Високостручен и професионален наставен кадар,
- Соработка со стручна служба,
- Редовно информирање на родителите за напредокот на нивното дете и училишниот живот;
- Еднаквост и правичност на сите ученици по сите основи,
- Соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво;

| |
|---|
| ✧ Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Крива Паланка, МВР, други училишта итн.;<br>✧ Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално ранливи семејства.<br>✧ Добра медиумска промоција на активностите од училиштето;<br>✧ Безбедноста и здравствената заштита на учениците е на високо ниво. |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>✧ Поголема соработка со дел од родителите во информирање за успехот и однесувањето на нивното дете во училиште,<br>✧ Во донесувањето на некои одлуки не секогаш се вклучени сите структури (родители и ученици),<br>✧ Намалена дисциплина за време на наставата во поедини паралелки;<br>✧ Недоволен интерес на учениците за вклучување во воннаставни активности;<br>✧ Недостаток на мотивација на учениците за постигнување на подобри резултати;<br>✧ Недоволен интерес на родителите за посета на Отворениот ден на училиштето |
| **Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>✧ Воведување на награди како дополнителен стимул на вработените;<br>✧ Да се оствари контакт со правни субјекти од бизнис секторот за добивање донација за потребите на учениците и училиштето;<br>✧ Надградување и усовршување на училишната веб страна;<br>✧ Изнаоѓање или обнова на соработка со партнер училиште во реализирање на активности во проектот МИО. |

<table>
<tr><th colspan="2">Подрачје 6. РЕСУРСИ</th></tr>
<tr><th>Извори на набљудување</th><th>АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕ 6</th></tr>
<tr><td>✓ Годишна програма за работа;<br>✓ План за развој на училиштето;<br>✓ Непосреден увид;<br>✓ Записници од просветна и санитарна инспекција;<br>✓ Распоред на часови;<br>✓ Полугодишен и годишен извештај;<br>✓ Записници од работата на стручните активи;</td><td>6. 1. Сместување и просторни капацитети<br>6.1.1. Просторни услови<br>➢ СОУ Ѓорче Петрв - Крива Паланка, со седиште во Крива Палнка на Ул.8 Октомври бр.91.<br>➢ Училишната зграда е изградена од тврд материјал и е во добра состојба, која во текот на своето постоење имала повеќе реконструкции. Така, во последните години, целосно е извршена реконструкција на електричната инсталација, новоизградени се санитарни јазли, направена е реконструкција на училниците од првиот кат, извршено пополочување на холовите, степениците, целосно препокривање на училишната зграда, променета столарија. Салата за спорт и спортски активности исто така е реконструирана во делот на санитарните јазли и гардеробите за учениците и наставниците. Голема придобивка е направена со воведување на атмосферска вода од училишниот објект, новоизградени ѕидови на местото на старите каде се направени рекреативни тремови за учениците кои истовремено се хортикултурно уредени.<br>➢ Просторните услови за работа на училиштето се составени од две училишни згради со вкупна површина од 1052 м2 . Училишните згради се составени од подрум, приземје и прв кат. Во поглед на просторните услови за работа се дадени податоци во две учебни години 2021/2022 и 2022/2023.<br>➢ Во учебната 2021/2022 година во училиштето имаше вкупно: 20 училиници, 2 кабинети, 1 библиотека, 16 помошни простории (9</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | канцеларии, 2 работилници и 5 магацински простори), два спортскитерени од кои една спортска сала и едно игралиште. Начинот на загревање на училиштето е со течно гориво (нафта).<br>➢ Во учебната 2022/2023 година ситуацијата е следна: 17 училиници, 5 кабинети, 1 библиотека, 16 помошни простории (9 канцеларии, 2 работилници и 5 магацински простори), две спортски терени од кои една спортска сала и едно игралиште. Начинот на загревање на училиштето е со течно гориво (нафта).<br>➢ **6.1.2. Искористеност на просторните капацитети**<br>➢ Просториите се користат оптимално за изведување на воспитно – образовниот процес, кој се одвива во две смени, а училиштето превзема конкретни активности за подобрување на состојбата.<br>➢ За реализација на практичната настава за учениците за сите отворени струки училиштето има обезбедено простории за изведување на практичната настава. За машинската струка, наставниците ги користат двете работилници. За реализација на практичната настава за учениците од електротехничката струка, наставниците користат една работилница. За угостителската струка има соодветна просторија која се користи за изведување на практичната настава за наставниците и учениците. За медицинската струка исто така има обезбедно просторија за изведување на практичната настава.<br>➢ Салата за спорт и спортски активности е со површина од 269,44 м2. Располага со две соблекувални и две санитарни кабини, кои се целосно реконструирани. Опременоста на салата е добра. Во неа има гимнастички справи, добиени како донација од Локаланата самоуправа. Покрај ова училиштето има и ограден и осветлен спортски терен за мали спортови.<br>➢ Училиштето располага со лаборатории и кабинети за реализација на наставата по предмети од природните и општествените науки.<br>➢ Исто така за реализација на практичната настава од стручното |

| | |
|---|---|
| | образование, училиштето ги користи стопанските организации и има склучено меморандуми за соработка со неколку локални компании.<br>➢ Сите кабинетот за стручно образование се опремени со најнови и најсовремени нагледни средства.<br>➢ Училниците и кабинетите се во добра состојба. Училишниот мебел е нов го има во доволен број и е во добра состојба.<br>➢ Опременоста на училиштето со материјално-технички ресурси е следна:<br>➢ Во учебната 2021/2022 година е со 94 куќишта со 164 монито, 22 ЛЦД проектори, 21 телевизор, 14 интерактивни табли, 22 принтери, 75 лаптопи, 65 графички табли со дигитални пенкало, 135 таблети, 3 бели табли.<br>➢ Во учебната 2022/2023 година е со 94 куќишта со 164 монитори, 22 ЛЦД проектори, 21 телевизор, 14 интерактивни табли, 22 принтери, 75 лаптопи, 65 графички табли со дигитални пенкало.<br>➢ Интернетот е постојан, нема поголемо откажување во текот на наставата.<br>➢ Училиштето располага со сопствена котларница која користи нафта за греење. Хигиената во училиштето се одржува преку пропишан протокол, закачен на видно место и истиот се почитува од прислужниците. Хигиената на дворното место е на многу добро ниво. Посебно треба да се нагласи дека хигиената на училниците, холовите, скалите и останатите простории е на високо ниво. Оджувањето на холовите е со посебно набавена машина за влажно одржување. Особена придобивка за учениците се новоизградените санитарни јазли, кои се современи, опремени со топла и ладна вода, во секој момент се чисти, а учениците ги чуваат од оштетување.<br>➢ Училиштето посебна грижа води за учениците. Имено, на северната страна од училишната зграда има тремови за престој и одмор на |

| | |
|---|---|
| | учениците, кој простор е хортикултурно уреден.<br>➢ Дворното место е хортикултурно уредено, засадено со зимзелени дрва, површините се со трева и сето тоа редовно се одржува. |

| | |
|---|---|
| **Извори на набљудување**<br>✓ **Библиотечна евиденција**<br>✓ **Годишна програма на училиштето**<br>✓ **Записници од стручни активи**<br>✓ **Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето**<br>✓ **Пописни листи**<br>✓ **Сметководствена евиденција** | **6. 2 Наставни средства и материјали**<br>**6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>Училиштето располага со богат книжен фонд. Секоја година училиштето го збогатува книжен фонд со нови наслови. Училиштето набавува понова стручна литература за потребите на наставниот кадар и на учениците, согласно финансиите можности.<br>Училиштето располага со стручна литература, но во недоволен обем. Покрај стручна литература училиштето набавува и современа белетристика во зависност од интересот на учениците. Издавачките куќи не се во состојба да понудат таква литература. Училиштето со наставни средства и помагала во доволен број е опремено, но секогаш има потреба од нови. Во текот на оваа година Училиштето има набавено и ги има опремено кабинетите со нови наставни средства и помагала. Овие средства соодветствуваат со современите наставни текови.<br>Потребите од наставни средства и помагала училиштето ги планира и ги задоволува преку постојано следење на наставата и прибирање на предлози од стручните активи за приоритетите при остварување на набавката. Со финансискиот план и планот за јавни набавки, училиштето ја планира набавката на училишни помагала и литература, и истата се реализира и ги задоволува реалните потреби на училиштето.<br>Од наставни средства и помагала постојат и се користат: фотокопир со голем капацитет, скенери, компјутерска опрема, LCD проектори Lap-top за наставници печатачи во учлниците, интерактивни табли, телевизори. |

| | |
|---|---|
| | Постојат кабинети кои се опремени со компјутерите кои се инсталирани и поврзани во мрежа. Тие се во фукционална исправност и се користат во наставата.<br>Како сериозен проблем при реализацијата на наставните програми по стручните предмети наставниците и учениците го истакнуваат недостатокот на учебници во стручното образование. Наставниците кои реализират настава по предметите од стручно образование по голем дел немаат учебници.<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и потребите на училиштето.<br>Следењето на ефективната и ефикасна употреба на наставните средства и материјали во училиштето се врши преку посета на часови. Наставните средства се користат оптимално и истите се достапни на сите наставници кои ја реализираат наставата.<br><br>**6.2.2. Училишна библиотека**<br><br>Во состав на училиштето работи училишна библиотека. Училишната библиотека во учебната 2021/2022 имаше вкупно 13 800 наслови или 21 500 книги. Во учебната 2022/2023 училиштето располагаше со вкупно 14 000 наслови или 22 000 книги Од вкупниот број на наслови училиштето располага со стручна литература, прирачници за наставници, енциклопедии, атласи, речници, литература за возрасни. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за учениците за лектирни изданија училиштето соработува со разни издавачки куќи.<br>Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа и работат согласно предвидената динамика во програмата. Библиотекарите уредно го водат проектот Бесплатни учебници. Евиденција на книгите се води уредно, преку електронска и пишана |

| | |
|---|---|
| | форма. Секоја книга има евидентен и електронски број. Лектирни изданија има во доволен број, а набавка со нови се врши секоја година. Покрај ова, библиотеката е опремена со белетристика, енциклопедии по сите научни области. Библиотечна евиденција се води во инвентарна книга. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 8:00-16:00 часот.<br><br>**6.2.3. Потрошен материјал**<br>Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши редовно преку овластениот орган во училиштето.<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план. |
| ✓ **Досиеа на вработени**<br>✓ **Програма за работа на стручната служба**<br>✓ **Годишна програма на училиштето**<br>✓ **Распоред на часови** | **6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>**6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.<br>Во учебната 2021/2022 година има вкупно 78 вработени. (25 мажи и 53 жени) Наставниот процес во училиштето го реализираа 62 наставници (20 мажи и 42 жени). Во оваа учебна година имавме 4 стручни соработници, 2 административни работници, 9 техничка служба и директор.Од вработените 66 се со високо образование, 1 магистер, 1 виша стручна подготовка, 8 се со средно образование и 2 основно образование.<br>Во учебната 2022/2023 година има вкупно 76 вработени (24 мажи и 52 жени). Наставниот процес во училиштето го реализираа 61 наставници (19 мажи и 42 жени). ). Во оваа учебна година имавме 4 стручни соработници, 2 административни работници, 8 техничка служба и директор.Од вработените 65 се со високо образование, 1 магистер, 1 со виша стручна подготовка, 8 се со средно образование и 1 е основно образование. |

| | |
|---|---|
| | Во учебната 2021/22 од наставниците 11 биле вработени на определено време, додека 51 на неопределено време.<br>Во учебната 2022/23 од наставниците 8 биле вработени на определено време, додека 55 на неопределено време.<br>Во наставната 2021/22 наставен кадар со стаж од 10 години има 22, од 11 до 20 години 21 наставници, од 21 до 30 години 25 наставници и нас 31 година 8 наставници.<br>Во наставната 2022/23 наставен кадар со стаж од 10 години има 22, од 11 до 20 години 18 наставници, од 21 до 30 години 25 наставници и над 31 година 11 наставници.<br>Од вработените наставници сите се македонци. Во училиштето нема родова, етничка, или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.<br><br>**6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот**<br>Сите наставници подеднакво се задолжуваат во изведување на разни активности во училиштето. Во паралелките за стручно образование чиј број на ученици е 25 на часовите за вежби е овозможено финанасирање на две групи. Наставниот кадар е редовен на работа и крајно коректно се однесува кон пропишаните работни задачи.<br>Наставниот кадар според стручната подготовка соодветствува на критериумите пропишани со Законот за средно образование. Наставниците поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување.<br>**6.3.3. Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br>Освен наставниците во воспитно-образовниот процес вклучени се стручни соработници: педагог, социолог, психолог и библиотекар. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар: директор, помошен директор, секретар, благајник, книговодител и останат технички кадар. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно |

| | |
|---|---|
| | работат како тим во рамките на стручните активи, за кое сведочат многубројните резултати. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот.<br>Училиштето има стручната служба (психологот, социолог, библиотекар и педагог) која им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите, подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето. |

| **Извори на набљудување** | **6. 4 Следење на образовните потреби на наставниот кадар** |
|---|---|
| ✓ **Правилник за менторство**<br>✓ **Програма за професионален развој на наставничкиот кадар**<br>✓ **Сертификати за посета на семинари и обуки**<br>✓ **Програма за професионален развој на наставничкиот кадар**<br>✓ **Сертификати за посета на семинари и обуки** | **6.4.1 Професионален развој на наставниците**<br><br>Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците. Наставниците низ процесот на работењето, а посебно во активностите на стручните активи даваат свој придонес во идентификување на потребите за професионален развој и соодветно на тоа тие вршат избор на потребните обуки. Од страна на Стручните активи истакната е потреба од одржување на семинари организирани од БРО и Центарот за стручно образование. Сите организирани семинари, |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>
обуки кои се подржани од Бирото за развој на образованието, секогаш училиштето има разбирање и овозможува посета. Наставниците кои се вклучени во проектите од Еразмус+ програмата, кои подразбираат мобилност на наставниот кадар, редовно реализираат дисеминација на останатите наставници во училиштето и ги споделуваат стекнатите искуства. Во училиштето, постои документација од која може да се утврди идентификувањето и следењето на професионалниот развој на наставниците Во Училиштето има иницијатива и поддршка за професионален развој на наставниците. Училиштето има план за внатрешна обука и размена на знаењата на кадарот. Училиштето ја следи работата на наставниците приправници преку одредување ментор.




*мислење на наставници
</td>
</tr>
<tr>
<td>
Извори на набљудување

✓ Финансиски план<br>
✓ Финансиски извештај<br>
✓ Тендери за набавка
</td>
<td>
6. 5. Финансиско работење во училиштето

6.5.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење

Финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. За финансиското работење во училиштето е одговорен директорот. Секоја година се донесуваат, финансиски планови и План за јавни набавки. Годишниот финансиски план е доставен до Совет на Општина Крива Паланка,
</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | по претходно донесена одлука од органот на управување. Училиштето, добива квартален финансиски план, а училиштето, изработува и доставува до основачот месечен финансиски план. Финансиските планови, годишните сметки секогаш се на увид на сите вработени.<br>6.5.2 Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br>Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки. Во комисијата има член од Училишниот одбор. Финансиското работење и завршните сметки се контролира од Училишниот одбор. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање од издаден простор под закуп, издавање на втори примероци од свидетелства, дипломи, вонредно школување итн.<br>За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се корист наменски и за креативни цели што се фокосирани на квалитетот на наставата. Сметководството на училиштето го води овластен сметководител. |

Од спроведените анкети со учениците, наставниците и родителите и долунаведените графикони за подрачјето Ресурси може да забележиме дека најголем дел од натавниците, родителите и учениците се согласуваат дека училиштето располага со добри ресурси и истите ги користи во глема мера, со што обезбедува квалитетна настава.


Наставниците користат различни методи и техники за подучување и оценување на учениците
3% 2%
36%
59%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам


Условите и опремата во спортската сала се добри
6% 8%
38%
48%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Потполно не се согласувам


Наставниците во доволна мера ја користат компјутерската опрема за потребите на наставата
2% 2%
54%
42%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Потполно не се согласувам


Луѓето од мојата околина велат дека училиштето е добро затоа што има квалитетна настава и добар наставен кадар
...
12% 5%
28%
55%
Потполно се согласувам
Се согласувам


Училниците се современо опремени со наставни средства и помагала
10% 3%
37%
50%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Потполно не се согласувам


Учениците добро се грижат за инвентарот и опремата во училиштето
27%
4%
20%
49%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Потполно не се согласувам


Училишната средина ги стимулира и мотивира учениците за постигнување на подобри резултати
12% 6%
20%
62%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Потполно не се согласувам


Учениците добро се грижат за инвентарот и опремата во училиштето
27%
4%
20%
49%
Потполно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Потполно не се согласувам



















**Клучни јаки страни**

- ✓ Добра опременост со нагледни средства како во гимназиското така и востручното образование;
- ✓ Наставниците во доволна мера ја користат компјутерската опрема за потребите на наставатаи користат различни методи и техники за подучување и оценување на учениците;
- ✓ Училишната средина ги стимулира и мотивира учениците за постигнување на подобри резултати
- ✓ Наставниот кадар и ученциите се грижат за исправноста на компјутерската опрема, инвентарот и опремата.

<table>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика</td></tr>
<tr><td>Извори на набљудување</td><td>АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕ 7</td></tr>
<tr><td>✓ Програма за работа на директор<br><br>✓ Извештај за работа на директор</td><td>7.Управување и раководење со училиштето<br>7.1.Управување со училиштето<br>Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишен одбор е формиран со изборна постапка согласно Законот за средно образование. Овој орган брои 12 члена со различна полова структура 3 се машки и 9 члена се жени. Претседател на Училишниот одбор е претставник од училиштето. Според етнички состав на УО сите се со македонска националност.<br>Седниците на УО ги закажува претседателот во соработка со директорот. Дневниот ред се подготвува во координација на претседателот и директорот, а поканувањето се врши во писмена и електронска форма, а со исклучоци и по телефонски пат. Седниците се одржуваат редовно, присутноста е многу добра, редовно со мнозинство присутни членови, нема одложување на седници поради недостаток на кворум. На дневен ред на седниците се поставувани прашања во согласност со надлежностите на Училишниот одбор, предвидено со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. УО добро работи, одлуките ги донесува најчесто едногласно или со мнозинство на гласови. Информирањето за работата на УО и одлуките кои ги донесува на вработените, родителите и основачот се врши преку избраните претставници членови на УО. Наставниците сметаат дека одлуките кои се донесуваат од страна на УО се објективни и транспарентни. Даваат мислење и сугестии во однос на сите одлуки од раководниот кадар. Записници од седниците на овој орган, одлуките и други акти кои ги донесува се изготвуваат како посебни акти и се заведуваат во деловодна книга. Донесените одлуки на УО се спроведуват во целина, без исклучок. Нема нереализирани одлуки. Училиштето има донесено нов Статут согласно Законот за средно образование заведен под број 01-345/6 од 13. 07. 2020 година. На Статутот, училиштето има добиена</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | согласност од Министерството за образование и наука со Решение број УП1 18-11/4 од 20. 07. 2020 година.<br><br>*мислење на наставници<br><br>**7.2.Раководење со училиштето**<br>Раководниот орган на училиштето е директорот. За својата работа, директорот има изготвено програмата за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Во раководна структура има уште двајца помошник директори. Помошник директорите ги именува директорот, согласно систематизацијата. Раководниот тим активно е вклучен во процесот на развој и креирање на политики, планирањето и обезбедувањето на квалитет во воспитно- образовниот процес. Тимот располага со повеќегодишно искуство во раководење, има знаења и вештини стекнати преку семинари и обуки. При одлучувањето, изготвувањето на плановите, за стратегиите, директорот ги информира вработените, родителите и учениците на соодветно ниво, во директна комуникација, секогаш и преку писмени соопштенија и информации.Директорот за време на својот мандат има стратешки насоки за развојот на училиштето, донесува одговорни одлуки, добро соработува со локалната заедница, има професионален однос со учениците, родителите, вработените и институциите. Директорот има професионален однос кон работата, има изграден личен кредибилитет кој се заснова на најнови знаења и вештини, успешно и вешто комуницира со вработените и се грижи за нивниот развој. Од спроведената анкета на наставниците, сметаат дека постои ефективна комуникација на раководството со наставниот кадар. |




*мислење на наставници

Фокусот на работење на директорот е обезбедување на ИКТ и останати нагледни сретства потребни на секој актив, со цел подобрување на наставниот процес.Следење на условите за работа на училиштето и редовно и квалитетно одржување на објектот, како и уредување научилишниот двор. Завршени се повеќе планирани проекти: за реконструкција и адаптација на надворешниот спортски терен, промена на кров и фасада на дел од втора зграда, додаток на канцеларија за социолог, адаптација на просторја и опремување на современа кујна за угостителската струка, опремување на кабинети за природни науки и медицина, оградување на училиштето и тоа се финансирано од сопствени средства на училиштето.

За севкупното позитивно работење на училиштето во ноември 2022 година, по извршената интегрална евалуација, училиштето доби оценка 3,44, што е за 0,54 повеќе од претходната оценка 2,9 од ноември 2017 година.

Директорот на училиштето учествуваше и во изработка на Законот за средно образование и на Нова концепција на матура,заедно со претставници од МОН, БРО И ЦСОО.

Во училиштето добро функционираат следните органи: Наставничкиот совет, Советот на година, односно Совет на струка, Совет на паралелка, раководител на паралелка и стручните активи од одредена стручна област. Активите се запознаени со начинот на управување, раководење и креирање политика на училиштето. Секој од овие органи има своја годишна програма. Тие се занимаваат со надлежностите кои се утврдени со Статутот на училиштето за секој орган. Овие стручни органи и тела редовно одржуваат

состаноци. Присутноста е добра, а одлуките ги донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. Во училиштето доброфункционира Совет на родители. Овој орган според статутот брои 8 члена, а од прва година се бираат нови во текот на месец септември. Совет на родители има свој Деловник за работа. Според искажувања на родителите овој орган секогаш работи со обезбедено потребно мнозинство. Во работата се почитува деловникот. Овој орган добро ја следи воспитно- образовната работа на училиштето, дава предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес, зема активно учество во надминување на проблемите кои се јавуваат во развојот, образованието и воспитувањето на учениците.




*мислење на наставници




*мислење на наставници

**7.3.Цели и креирање на училишната политика**

**7.3.1.Јасност и соодветност на целите**

Целите и креирањето на училишна политика се добри, бидејќи политиките на

| | |
|---|---|
| | училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и целокупниот воспитно – образовен процес. Поголем дел од вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварувањето на целите. Училиштето, исто така, ги зема во предвид и мислењата на учениците и родителите и другите субјекти вклучени во училишниот живот. Најголем број од вработените, голем дел од учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето и со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето на добар начин, во голема мера ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето. Раководната структура постојано ги следи и анализира постоечките политики во врска со квалитетот на училиштето, квалитетот на сите подрачја во воспитно – образовната дејност и самоевалуацијата на училиштето. |
| | **7.4.Развојно планирање**<br>**7.4.1.Цели на развојното планирање**<br>Училиштето ја почитува Законската обврска за изработка на Програма за развој на училиштето и Годишна програма, со која се планираат активностите. Долгорочното планирање се потпира на стратешки цели кои се основа врз која што се гради визијата на училиштето. Училиштето има изготвено Програма за развој. Во Програмата за развој добро се дефинирани стратешките цели, истите се темелат на согледувањата до кои е дојдено во текот на изготвувањето на самоевалуацијата. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето, а при поставувањето се консултирани најголем дел од вработените, дел од родителите и наставниците. Поставените цели се во согласност со Стратегијата за образование на Општина Крива Паланка и државната политика за квалитет на образование. |
| **Резултати: Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика** | |
| **Клучни силни страни**<br>✓ Транспаретност во работењето на органот на управување; | |

- ✓ Голема доверба во раководниот орган, професионален однос и негова целосна посветеност за напредокот на воспитно-образовната работа;
- ✓ Добро извршена Самоевалуација и изготвена Програма за развој научилиштето;
- ✓ Училиштето има политика и правилници во врска со педагошките мерки, дисциплината, правилник за пофалба и награди на учениците (интерен правилник);
- ✓ Раководниот орган преку изработка на проекти, реализира инфраструктурни зафати, едукација, набавка на нагледни средства.

**Слабости**

Постои простор за дообучување на наставниците за подготовка на е-содржини, методско обликување и примена на истите во реализација на настава.

- Потребно е да се прошири соработката и со другистопански претпријатија, при реализација на практичната настава
- Соработката со МОН, ЦСОО и БРО- да се зајакне за побрзо добивање повратни информации
- Потреба од програми изработени од БРО и ЦСОО за работа со ученици со посебни потреби
- Оспособување на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби
- Недоволна мотивираност кај дел од вработените
- Поголема мотивираност на наставниците во поттикнување на уцениците за почитување на кодексот на однесување
- Јасност и соодветност во поставување на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма
- На седниците на Училишниот одбор присутноста на членовите треба да биде на повисоко ниво.

**Идни активности**

- Организирање на обуки за наставниот кадар за изготвување и примена на електронски наставни содржини
- Подобрување на соработката со стопанските претпријатија при реализацијата на практичната настава
- ✓ Зајакнување на соработката и ангажманот на родителите со училиштето
- ✓ Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за подмирување на

потребите на наставниците и учениците со јасно поставена намена

- ✓ Поголемо вклучување на еколошкото образование и заштита на животната средина во активностите на училиштето.
- ✓ Зголемување на транспарентноста и зајакнување на соработката со наставниците
- ✓ Зајакнување на соработката со МОН, БРО, ЦСОО и повратните информации од овие надлежни институции
- ✓ Изработка на програми за ученици со посебни потреби од БРО, ЦСОО
- ✓ Зајакнување на мотивацијата кај дел од наставниците
- ✓ Овозможување на континуирани обуки на наставниците за користење и изработка на е-содржини, современа и активна настава.

- ✓ Библиотеката е опремена со читална, компјутери, и доволен број на лектирни изданија, стручна литература, лексикони, енциклопедии;
- ✓ Безбедноста и хигиената е приоритет на раководниот и останатиот наставени ненаставен кадар во училиштето.

**Слаби страни**

- ✓ Работа во две смени;

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**

**Анкетни прашалници кои беа користени при самоевалвацијата**

❖ Анкетен прашалник за наставници и стручни соработници

***Почитуван наставници и стручни соработници***

Во рамките на активностите на нашето училиште ја реализираме оваа анкета, со која сакаме да ги испитаме и процениме Вашите ставови, интереси и идеи за квалитетот на наставата во СОУ *Ѓорче Петров*. Вашите искрени одговори може да ги откријат предностите и недостатоците во наставата и да влијаат врз подобрување на нејзиниот квалитет. Анкетата е анонимна, не се бара име и презиме. Вие треба да го заокружите вашиот одговор што ќе го изберете или сами да допишете одговор на празното место.

| | *(Те молиме обележи) со х еден од дадените одговори* | ***Потполно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Потполно не се согласувам*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | На наставниците им се допаѓа работата во ова училиште | □ | □ | □ | □ |
| 2 | Постои ефективна комуникација меѓу наставниците | □ | □ | □ | □ |
| 3 | Повозрасните наставници се расположени да дискутираат за проблематиката на наставата | □ | □ | □ | □ |
| 4 | Наставниците се поттикнуваат да воведуваат нови идеи | □ | □ | □ | □ |
| 5 | На новите наставници им се дава потребната помош во ова училиште | □ | □ | □ | □ |
| 6 | Постојат добри системи на подршка на оние наставници кои се соочуваат со тешкотии на своите часови (дисциплина, посебни образовни потреби...) | □ | □ | □ | □ |
| 7 | Сите наставници во училиштето се третираат правично и еднакво | □ | □ | □ | □ |
| 8 | Наставниците ги почитуваат учениците | □ | □ | □ | □ |
| 9 | Постои ефективна комуникација меѓу раководството и наставниците | □ | □ | □ | □ |
| 10 | Наставниот кадар учествува во донесувањето на значајните одлуки | □ | □ | □ | □ |
| 11 | Постојат редовни дискусии на наставниците за тоа како да се реализират целите/задачите на училиштето | □ | □ | □ | □ |
| 12 | Се чувствувам безбедно во училиштето и во неговата околина | □ | □ | □ | □ |
| 13 | Училиштето има добра соработка со локалната самоуправа, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката | □ | □ | □ | □ |
| 14 | Наставниците им даваат конструктивна повратна информација на учениците за нивната работа | □ | □ | □ | □ |
| 15 | Наставниците поставуваат високи критериуми за постигањата на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 16 | Училиштето на јасен начин им соопштува на родителите кои се резултатите што се очекува да ги постигнат нивните деца | □ | □ | □ | □ |
| 17 | Учениците ги почитуваат наставниците | □ | □ | □ | □ |
| 18 | Постои меѓусебно почитување меѓу учениците | □ | □ | □ | □ |
| 19 | Вработените во училиштето се грижат за безбедноста и здравјето на учениците | □ | □ | □ | □ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Училиштето има правичен систем за избор на наставници и за професионално усовршување | □ | □ | □ | □ |
| 21 | Учениците покажуваат ентузијазам за учење | □ | □ | □ | □ |
| 22 | Сакам да работам во ова училиште бидејќи има добра работна атмосфера | □ | □ | □ | □ |
| 23 | Користам различни методи и техники за подучување и оценување на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 24 | Континуирано и објективно ги оценувам знаењата на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 25 | Ја користам ИКТопремата за потребите на наставата | □ | □ | □ | □ |
| 26 | Вработените редовно се информираат за реализацијата на зацртаните активности во Годишната програма на училиштето | □ | □ | □ | □ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Задоволен-на сум од соработката со колегите-шките од мојот стручен актив | □ | □ | □ | □ |
| 28 | Одлуките што ги носат Училишниот одбор и Наставничкиот совет се објективни и транспарентни | □ | □ | □ | □ |
| 29 | Училиштето успешно се справува со недисциплината и нередовноста на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 30 | Училиштето успешно се справува со појава на секаков вид на насилство и конфликти меѓу учениците во училиштето | □ | □ | □ | □ |
| 31 | Учениците го почитуваат кодексот на однесување | □ | □ | □ | □ |
| 32 | Наставниците и стручната служба го почитуваат кодексот на однесување | □ | □ | □ | □ |
| 33 | Постојат содржини во моите наставни програми, кои се застарени | □ | □ | □ | □ |
| 34 | Сум бил-ла консултиран–а од БРО при изработка на наставни програми | □ | □ | □ | □ |
| 35 | Доволно сум стручно подготвен-на за реализација на разни методи на поучување и оценување на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 36 | Постигнатите успеси на учениците и наставниците во доволна мера се афирмирани и презентирани од страна на училиштето | □ | □ | □ | □ |
| 37 | | | | | |

| | |
|---|---|
| | Што треба да се промени, за да се подобри квалитетот на предавањата, оценувањето и односот на наставниците? |
| | |
| | Што треба да се промени, за да се подобри безбедноста, грижата за здравјето и хигиената на учениците? |
| | |
| | Предложете теми за работилници, предавања и обуки за наставниците. |

❖ Анкетен прашалник за родители

***Почитувани родители,***

Во рамките на активностите на нашето училиште ја реализираме оваа анкета, со која сакаме да ги испитаме и процениме Вашите ставови, интереси и идеи за квалитетот на наставата во СОУ *Ѓорче Петров*. Вашите искрени одговори може да ги откријат предностите и недостатоците во наставата и да влијаат врз подобрување на нејзиниот квалитет. Анкетата е анонимна, не се бара име и презиме. Вие треба да го заокружите вашиот одговор што ќе го изберете или сами да допишете одговор на празното место.

**Пол:** а)м б) ж
**Место на живеење:** а) град б) село

| | ***(Те молиме обележи) со х еден од дадените одговори*** | ***Потполно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Потполно не се согласувам*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моето дете покажува добар напредок во учењето | □ | □ | □ | □ |
| 2 | Учениците добро се однесуваат во училиштето | □ | □ | □ | □ |
| 3 | Моето дете не е малтретирано и не е вознемирувано | □ | □ | □ | □ |
| 4 | Наставата е добро организирана | □ | □ | □ | □ |
| 5 | Информиран сум за тоа како моето дете напредува | □ | □ | □ | □ |
| 6 | Се чувствувам слободно кога се обраќам во училиштето со прашања за некој проблем или поплака | □ | □ | □ | □ |
| 7 | Наставниците очекуваат моето дете да работи напорно и колку што е можно подобро | □ | □ | □ | □ |
| 8 | Наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на моето дете | □ | □ | □ | □ |
| 9 | Добро се управува и раководи со училиштето | □ | □ | □ | □ |
| 10 | Наставниците постапуваат правично и со почит кон моето дете | □ | □ | □ | □ |
| 11 | Наставниците континуирано и објективно го оценуваат знаењето на моето дете | □ | □ | □ | □ |
| 12 | Училиштето ги бара мислењата на родителите и ги зема предвид нивните сугестии и интереси | □ | □ | □ | □ |
| 13 | Наставниците го поттикнуваат моето дете да созрева и да биде самостојно | □ | □ | □ | □ |
| 14 | Добро сум информиран за активностите на училиштето и за неговите главни одлуки и ориентации | □ | □ | □ | □ |
| 15 | Моето дете добро се вклопи во училиштето кога почна да учи во него | □ | □ | □ | □ |
| 16 | Наставниците посветуваат доволно внимание на воспитувањето на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 17 | Учениците ги почитуваат наставниците | □ | □ | □ | □ |
| 18 | Наставниците имаат еднаков пристап кон сите ученици | □ | □ | □ | □ |
| 19 | Моето дете вели дека часовите на училиште се интересни и го поттикнуваат да учи | □ | □ | □ | □ |
| 20 | Моето дете сака да оди на училиште | □ | □ | □ | □ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Луѓето од мојата околина велат дека училиштето е добро, затоа што има квалитетна настава и добар наставен кадар | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 22 | Наставниците бараат многу знаење од децата | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 23 | Родителските состаноци се добро организирани и за време на нив добивам корисни информации | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 24 | Училниците се современо опремени со наставни средства и помагала | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 25 | Запознаен сум со наставните планови и програми што се реализираат во училиштето | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 26 | Училиштето добро се справува со учениците и наставниците кои несоодветно се однесуваат | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 27 | Наставниот кадар и другите вработени добро се грижат за безбедноста и здравјето на учениците | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |

| | |
|---|---|
| | Што треба да се промени, за да се подобри квалитетот на предавањата, оценувањето и односот на наставниците? |
| | |
| | Што треба да се промени, за да се подобри безбедноста, грижата за здравјето и хигиената на учениците? |
| | |
| | Предложете теми за работилници,предавања и воннаставни активности за учениците. |
| | |

Ви благодариме што одговоривте на прашањата !!!!

❖ Анкетен прашалник за ученици

***Почитувани ученички и ученици,***

Во рамките на активностите на нашето училиште ја реализираме оваа анкета, со која сакаме да ги испитаме и процениме Вашите ставови, интереси и идеи за квалитетот на наставата. Вашите искрени одговори може да ги откријат предностите и недостатоците во наставата и да влијаат врз подобрување на нејзиниот квалитет. Анкетата е анонимна, не се бара име и презиме. Вие треба да го заокружите вашиот одговор што ќе го изберете или сами да допишете одговор на празното место.

**Пол:** а)м б) ж
**Година на образование:** а) I б) II в) III г)IV
**Место на живеење:** а) град б) село

| | *(Те молиме обележи) со x еден од дадените одговори* | **Потполно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Потполно не се согласувам** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Наставата обилува со предизвици и поставува големи барања | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 2 | Моите оценки добро ги одразуваат моите способности и работата | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 3 | Наставниците користат различни методи и техники на предавање и подучување | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 4 | Училишната средина ме стимулира и мотивира за постигнување на подобри резултати | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 5 | Наставниците користат различни методи и средства за оценување ( усно, писмено, тестови...) | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 6 | Наставниците реализираат дополнителна настава за учениците со извесни потешкотии во учењето | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 7 | Добивам корисни совети за тоа што и како треба да учам | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 8 | Мојот избор на наставни програми одговара на моите способности и на плановите за идната професија | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 9 | Училиштето организира работилници и презентации на различни актуелни теми за учениците | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 10 | Училиштето ги бара, почитува и излегува во пресрет на мислењата, предлозите и потребите на учениците | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 11 | Наставниците редовно и квалитетно ја реализираат дополнителната настава. | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 12 | Училиштето има правичен однос кон сите ученици (внимание, вклучување во активности, оценување...) | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 13 | Хигиената во салата е на високо ниво | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 14 | Предавањата и објаснувањата на наставниот кадар се јасни, интересни и квалитетни | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 15 | Успевам да ги завршам сите обврски што ги имам на училиште | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 16 | Наставниот кадар ми кажува колку добро напредувам во учењето | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 17 | Оценувањето на учениците е јавно и транспарентно, а оценките образложени | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |
| 18 | Наставниците применуваат интерактивна настава (учениците се вклучени и активни во текот на предавањата) | ◻ | ◻ | ◻ | ◻ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Наставниот кадар културно, коректно и со почит се однесуваат кон мене | □ | □ | □ | □ |
| 20 | Учениците културно  и коректно се однесуваат со мене | □ | □ | □ | □ |
| 21 | Училиштето се грижи за мојата безбедност и здравје | □ | □ | □ | □ |
| 22 | Наставниците и другите вработени успешно се справуваат со учениците кои лошо се однесуваат | □ | □ | □ | □ |
| 23 | Во училиштето  има ученици кои употребуваат и делат недозволени психотропни супстанции ( алхохол, дрога...) | □ | □ | □ | □ |
| 24 | Се чувствувам безбеден-на  во училиштето | □ | □ | □ | □ |
| 25 | Наставниците континуирано и објективно ги оценуваат знаењата на учениците | □ | □ | □ | □ |
| 26 | Практичната настава е добро организирана  и реализирана (ни обрнуваат внимание и  имаме корист од неа)? ***одговаараат ученици од стручно образование*** | □ | □ | □ | □ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Проектните активности добро се реализираат од наставниците | □ | □ | □ | □ |
| 28 | Во училиштето има групи на ученици кои лошо се однесуваат кон другите ученици | □ | □ | □ | □ |
| 29 | Наставните средства и ИКТ опремата се користат во доволна мера за потребите на наставата | □ | □ | □ | □ |
| 30 | Наставниот кадар се грижи за исправноста на ИКТ опремата | □ | □ | □ | □ |
| 31 | Учениците добро се грижат за ИКТ опремата и инвентарот | □ | □ | □ | □ |
| 32 | Хигиената во училниците е на високо ниво | □ | □ | □ | □ |
| 33 | Постои пријатна работна атмосфера за време на часовите | □ | □ | □ | □ |
| 34 | Опременоста на училниците е добра | □ | □ | □ | □ |
| 35 | Опременоста на библиотеката  со книги е добра | □ | □ | □ | □ |
| 36 | Условите и опремата во спортската сала се добри | □ | □ | □ | □ |
| 37 | Сите ученици имаат еднаква можност да се  вклучат во тимска работа во училишни и вонучилишни активности | □ | □ | □ | □ |

| | |
|---|---|
| | Што треба да се промени, за да се подобри квалитетот на предавањата, оценувањето и односот на наставниците? |
| | |
| | Што треба да се промени за да се подобри безбедноста, грижата за здравјето и хигиената на учениците? |
| | |
| | Предложете теми за работилници и предавања и воннаставни активности за вклучување на ученици. |
| | |

Ти благодариме што одговори на овие прашања.